# ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при Филозофскиот факултет

# 9



DISCOTEQUE
MUSANDRA
GREATEST FUN



Секоја среда: СТУДЕНТСКА ЗАБАВА
ПОВЕЛЕТЕ!!!



Фото
2002

Бесплатно развивање на филм за студенти

Локација: бул. "Партизански Одреди" бр. 27
тел: 12 - 13 - 03



**ВНАТРЕШЕН ПАТНИК**
***ноември 1997***

**Издава:**
Сојузот на студентите при
Филозофскиот факултет -
Скопје
ул. „Крсте Мисирков“ б.б.
ж. с-ка 40100-678-39981
тел. 116-520 локал 230

**Уредништво:**
Александер Јосифоски
Оливер Бакрески
Билјана Анакиева
Игор Ѓорески
Светлана Аранѓеловиќ
Тони Милески

**Соработници:**
Лидија Т., Миланчо М.,
Трајче А., Катерина М.,
Соња А., Деан И., Коце С.,
Љубица С., Гоце М., Рената П.,
Елена Б., Љупка В., Ленче С.,
Гордана А. и Виктор Ѓ.

**Техничко уредување и компјутерска обработка:**
ЕИН-СОФ

**Печати:**
МНИП „Растер“ - Прилеп

**Тираж:**
1.500 примероци

*Според мислењето на Министерството за култура на Р.М. број 08-2765/2 од 14.04.1995, за списанието Внатрешен Патник се плаќа повластена даночна стапка.*

***Првиот број на списанието Внатрешен Патник излезе од печат во мај 1995 г.***

**Покровител:**

# СОДРЖИНА

***АКТУЕЛНО***
Добро ни дојдовте драги бруцоши ..... 6

***ИСТОРИЈА***
Наместо промоција ..... 7

***ОДБРАНА***
Ф-22, невидливиот борбен летач ..... 8

***ОДБРАНА***
Цивилната одбрана на САД ..... 10

***ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ***
Циклус Велики празници: Христовото влегување во Ерусалим ..... 11

***ФИЛОЗОФИЈА***
Филозофските определби на младиот студент ..... 12

***ФИЛОЗОФИЈА***
Жената и филозофијата ..... 13

***ПЕДАГОГИЈА***
Културата и меѓучовечките односи во воспитно-образовните установи ..... 14

***ДЕФЕКТОЛОГИЈА***
Примарна превенција на менталната ретардација ..... 16

***ДЕФЕКТОЛОГИЈА***
Помнењето и слухот ..... 18

***РАЗМИСЛУВАЊА***
Кон општествениот развој, внимателно! ..... 19

***РЕЛИГИЈА***
Бог е голем ..... 20

***НОВИ КНИГИ***
Македонски зборови за македонски светци ..... 24

***ОСВРТ***
Како до место во студентските домови ..... 25

***РЕПОРТАЖА***
Рим - вечниот град ..... 26

***МИСТЕРИИ***
Поморската несреќа без Титаник ..... 28

***ФУНДАМЕНТИ***
Внимавајте да не се изгорите ..... 30

***ФУНДАМЕНТИ***
Љубовта бара труд ..... 31

***МОДА***
РАзговори за модата ..... 32

***ВО СЛОБОДНО ВРЕМЕ***
Предлог книга за читање: „За љубовта“ ..... 34

***СПОРТ***
Од спортските активности на филозофскиот факултет ..... 35

***ТЕСТ***
Умеете ли да патувате во автомобил? ..... 36

***АСТРОЛОГИЈА***
Ти си мој број ..... 38

***КРСТОЗБОР*** ..... 41

## ШТО САКАВ ДА КАЖАМ?

Почитувани колеги и колешки,

„Внатрешниот патник“ го започнува своето патување во новата студиска година. Вашите непресушни креативни потенцијали го овозможуваат неговото континуирано излегување. Кругот на соработници сѐ повеќе се зголемува. Доколку таквиот тренд продолжи, нови броеви на списанието ќе бидат сѐ почесто во Вашите раце. Квалитетните текстови кои ги доставуваат соработниците овозможија „Внатрешниот патник“ да стане едно од водечките списанија на Универзитетот. Високиот степен на читаност овозможи неговите страници да станат огледало на Вашиот студентски живот.

На сите бруцоши им посакуваме успех во студирањето.

**Од уредништвото**



# Од Сојузот ....

*Почитувани колешки и колеги,*

*Започна новата учебна година и еве излезе нов број на нашето заедничко списание „Внатрешен патник“. За неговото излегување, се разбира, најзаслужни сте Вие бидејќи вашите квалитетни текстови ги исполнија неговите страници. Со тоа се потврдува дека вашата соработка со нас, која континуирано траеше во текот на изминатата година, и понатаму продолжува.*

*Но, таа соработка не се однесува само на излегувањето на списанието. Без вашето залагање и поддршка многу проблеми кои ги засегаат студентите немаше успешно да бидат решени. Тука првенствено треба да се наведе издејствувањето на дополнителни условни сесии. Искрено се надеваме дека, за што поуспешно решавање на проблемите кои ќе ги носи иднината, нашата соработка и понатаму ќе продолжи.*

*Сите студенти кои сакаат да стапат во контакт со претставниците на студентската организација тоа можат да го направатако дојдат во нејзината просторија на Филозофскиот факултет, или пак, да се јават на телефон 116-520 лок. 230*

*Ви благодариме за довербата.*

*Сојуз на студенти на*
*Филозофски факултет*

# ДОБРЕ НИ ДОЈДОВТЕ ДРАГИ БРУЦОШИ



Последната година од четиригодишното средно образование претставува пресвртница во животот на секој млад човек. Тоа е период во кој стануваме полнолетни и почнуваме сериозно да размислуваме за тоа, што ќе правиме во иднина. За оние, кои што сакаат да го продолжат процесот на образованието, единствената алтернатива е упис на факултет. Но како да се избере соодветниот факултет? На ова прашање не е тешко да се одговори. Секој треба да студира тоа, за што има желба и афинитет. Оние млади луѓе, кои во иднина се гледаат како воспитувачи на идните генерации во средното образование, конкурираат на една од десетте групи на Филозофскиот факултет. Големиот интерес за оваа хумана професија и оваа година ги направи сите групи на Филозофскиот факултет многу конкурентни. Токму затоа, со индекс се здобија само оние кандидати кои се покажаа најуспешни на приемните испити. За овие наши колеги, уписот на нашиот факултет значи вистински избор на нивната идна професија. Високостручниот наставнички кадар на нашиот факултет ќе им ги пренесе своите знаења и ќе ги оспособи за понатамошно пробивање низ животот.

Инаку, Филозофскиот факултет е најстарата школска институција во нашата земја. На нашиот факултет егзистираат следните институти: Институт за филозофија, педагогија, одбрана, социологија, психологија, историја, историја на уметноста со археологија, класични студии, социјална работа и социјална политика и Институт за дефектологија.

Со самиот упис на Филозофскиот факултет студентите стануваат членови на Сојузот на студенти на истиот. Студентската организација остварува континуирана соработка со студентите од сите студиски години, за што поуспешно решавање на проблемите кои ги наметнуваат студиите.

Пред нашите колеги бруцоши стојат четири студиски години, исполнети со убави моменти, од кои ќе произлезат спомени кои ќе ги паметат во текот на целиот живот. Не попусто, секој кој бил студент, на тој период си спомнува како на најубавиот во неговиот живот. По повод почетокот на новата учебна година на 1ви октомври во 10 часот се одржа свечен прием на новите студенти. Најпрвин ним им се обрати деканот на Филозофскиот факултет, проф. д-р Трајан Гоцевски. Во неговото обраќање, полно со оптимистички моменти, Деканот ги поздрави студентите и им посака што побрзо дипломирање и успешно вработување. Потоа студентите ги поздрави Оливер Бакрески, претседател на ССФзФ. Тој им укажа на значењето на студентската организација и на нивното место во неа.

Новата учебна година веќе е во тек. Добрата посетеност на предавањата укажува на интересот на новите студенти за наставата. Останува да им посакаме добредојде а нашиот факултет, успешни студии и убав студентски живот.

*Александер Јосифоски*
*Оливер Бакрески*

# Наместо промоција

К вечерината на 1 октомври, во дворот на црквата „Св Спас" се одржа промоцијата на книгата „Москополски зборник - Пролошки житија на светците", од сега веќе покојниот Христо Меловски, во издание на издавачката куќа „Догер" од Скопје.

Книгата излезе како прва во збирката „Miscellanea Byzantino-Macedonica", симболично насловена како дел од „Македонската панагијада". Воведен збор даде проф. Наде Проева, за личноста на авторот зборуваше проф. Елена Колева, а за делото и всушност негов промотер беше Анета Серафимова. Нивните кажувања беа испреплетени со изведба на барокна музика од студентите на Факултетот за музичка уметност во класата на проф. Ратка Димитрова.



Мора да се признае дека сепак, музиката и не одговараше на времето, а уште помалку на местото од кое потекнува зборникот и за неговата намена, како и за просторот во кој се одржа промоцијата. И покрај мојата убеденост во најискрените намери на организаторот на оваа промоција, сепак мислам дека во нив не се успеа, бидејќи повеќето од присутните веројатно дури и не го познаваа професор Меловски, а нивното однесување (впрочем, како и на бројни слични пригоди) беше во рамките на однесувањето на еден типичен сноб кој освен што нема чувство за сакралност на објектот во кој се наоѓа, па не се стеснува да запали цигара, туку нема ни пиетет кон еден човек кој веќе не е меѓу нас. Професор Меловски беше прекрасен човек и тој сигурно не заслужува една ваква промоција. Познавајќи го него, тој беше огорчен противник на човековото невоспитание кое на оваа промоција се покажа во сиот свој раскош. Затоа јас ќе се трудам оваа промоција што е можно поскоро да ја заборавам. Во краен случај, самата промоција не е ни битна - драгоцено е делото што професор Меловски ни го остави и на кое вреди да се сеќаваме и навраќаме. Драгоцена е привилегијата што го познававме професор Меловски, драгоцен е споменот на него. Драгоцен е духот што овој професор го зрачеше од себе и иако можеби онаа топла октомвриска вечер јас не го сетив неговото присуство, сепак мислам дека доволно наследив од неговиот дух и го носам со себе. Токму на ваков и сакам да се присеќавам, ведар и насмеан старец, каков што беше професор Меловски.

*Трајче Арсов*

# Ф-22 НЕВИДЛИВИОТ БОРБЕН ЛЕТАЧ

Со посредство на медиумите, неодамна на пошироката светска, а пред сѐ, на јавноста на САД официјално ѝ беше промовиран идниот чувар на американското небо и националните интереси (ширум светот). Имено, станува збор за новиот и технолошки најсофистициран ловец засега, именуван како Ф-22, тој наедно се интегрира и како трет припадник на постојниот STEALTH воено-летачки арсенал на вооружените силина САД, кој досега го сочинуваа јуришното летало Ф-117 Night Hawk (Ноќен сокол) и бомбардерот Б-2 Spirit (Дух), популарни под прекарот „невидливи".

Борбениот ловец Ф-22 произлезе како победник на конкурсот за напреден тактички ловец (Advanced tactical fighter - ATF), што го распиша USAF (Военото воздухопловство на САД), со цел замена на одличниот но веќе застарен ловец Ф-15 Eagle (Орел). Инаку, конкурсот беше објавен 1958 година, на него како финални кандидати пристапија проектот ЈФ-22 (J - ознака за експериментален) на авиогрупацијата Локид - Боинг - Џенерал Дајнамикс и вториот проект ЈФ-23 на Нортроп - Мекдонел Даглас.

Основните барања на програмата беа идниот ловец за постигање на превласт во воздушниот простор да поседува ниска радарска видливост (стелт), можност да лета со надзвучна брзина без користење на дodатно согорување кај моторите или т.н. форсажа, да се одликува со висока агилност, корисната носивост да е на ниво на претходникот Ф-15 и да има долет кој ќе ги покрива сите евентуални воишта во светот воопшто. За реализација на проектите и изработка на прототипови на конкурентните проекти им беа доделени буџетски средства во висина од по 5 милијарди долари од страна на Конгресот на САД.



Кон средината на 1990 година започна практичното експериментирање со леталата, што опфаќаше испитување на аеродинамичните и стелт карактеристики, погонско-управувачкиот систем, авиониката и електрониката на истите. По неколкугодишни испитувања и анализи за иден напреден тактички ловец на USAF е избран ЈФ-22, односно Ф-22. Веќе кон крајот на оваа година (1997) во предоперативна употреба ќе влезе првата ескадрила, додека процесот на потполно активирање и операционализација треба да се реализира во периодот 2000-2004 година.

Проценките од 650-750 летала за Военото Воздухопловство и околу 500 за Воената Морнарица не се дефинитивни заради актуелните буџетски рестрикции и политички бранувања, па така не е исклучено и редуцирање на овие квоти.

Инаку, Ф-22 е едносед делтакрилец, погонуван со два турбовентилаторски мотори Прат и Витни Ф-119-П-100, секој со потисна моќ од 155,69 кН со додатно согорување, неговата должина изнесува 19,65 м; висина 5,36 м додека растојанието



меѓу крајните точки на крилјата е 13,11 м. За летачките перформанси и можности може да се рече, многу малку се знае и дека истите се под „Строго доверливо“. Ловецот поседува т.н. векториран потисок (систем за усмерување и контрола на издувниот млаз по вертикала), а одовде и способноста за летање под високи нападни агли што несомнено ќе биде пресуден фактор во идните воздушни борби. Во однос на стелт карактеристиките, Ф-22 поседува ниска радарска видливост (се смета дека успешно ќе можат да го детектираат само најсовремените импулсно-доплерски тродимензионални радари и тоа дури на само 10 до 30 км растојание од радарот), истото е постигнато со примена на посебна технологија и концепција на изработка на трупот и моторите, имено, присутен е висок степен (до 70%) на примена на пластични композитни маси, пред сè, врз база на јаглерод (кои имаат способност за апсорпција на светлосните и радарските електромагнетни бранови), потоа, користење на напредни керамички материјали кои својата примена ја најдоа при изработката на моторите и изоматеријали, но своја широка примена меѓу виталните компоненти најдоа и алуминиум, титаниум и челикот. Стелт технологијата уште опфаќа и правоаголни студени млазници, носачи на вооружување интегрирани во трупот, како и специјални премази и бои кои ги впиваат електромагнетните бранови. Авиониката и управувачко-контролниот систем претставуваат склоп на најсовршена електро-дигитална опрема кој авклучува ХОТАС команди, ХУД, МДД (повеќенаменски колор дисплеј), силен радар впрегнат со мултисметач и систем за следење и напад на повеќе цели одеднаш, најразлична опрема за електронски и противелектронски дејства, меѓу кои и системот за планирање на оптимална летачка рута заради максимално искористување на радарско слаби и непокриени детекциони зони.

Масата на празниот ловец е 13.608 кг, додека максималната полетна е 26.308 кг, разликата во масата отпаѓа на гориво и вооружување. Во поглед на деструктивнат амоќ, Ф-22 ќе поседува брзометен топ со калибар 20 или 30 мм, ракети воздух-воздух од краток домет (АСРААМ, АИМ-9Л Sidewinder), среден (АМРААМ, АИМ-120) и долг домет, кои веројатно дополнително ќе се усовршат и адаптираат кон новиот ловец.

Авионот постигнува брзина од 1,58 маха на оптимална висина, додека со дополнително согорување веројатно далеку над 2 маха, плафон на летот изнесува 15.240 м.

Според претходно изнесеното лесно можеме да заклучиме дека досегашните радарски системи и противавионски арсенали од доменот на ИЦ (инфрацрвено) и радарско наведување се со ограничена функционалност во однос на супериорниот Ф-22 (заради слабиот радарски и ИЦ одраз), што пресудно ќе се одрази врз идниот развој и концепција на оружените системи и опрема, како и на радарско-детекционата техника и технологија.

Можностите на овој воздухоплов се навистина големи, но ништо помала не е неговата цена, „официјално“ нема да ги надмине 70 милиони долари по летало во сериско производство, според некои извори, за реализација на целокупната АТФ програма ќе бидат потрошени екстремно високи суми - 95 милијарди долари.

„Иднината видно ни ги носи НЕВИДЛИВИТЕ“.

*Виктор Ѓорѓиевски*



# ЦИВИЛНАТА ОДБРАНА НА САД

Шеесет милиони жртви; половина од нив цивили; огромни разурнувања и деструкција на материјалните и културните добра, т.е. деградација на човештвото - тоа е билансот на Втората светска војна.

Поучени од последиците, повеќето земји во светот посериозно пристапуваат кон организирање на цивилната одбрана за заштита на населението.

Со почетокот на нуклеарната ера т.е. со употребата на нуклеарното оружје, особено по појавата на термонуклеарната бомба, поголемо внимание се посветува на заштитата на цивилното население а посебно на заштитата од радиоактивните врнежи, т.е. како да се преживее евентуалната нуклеарна војна.

И на Исток, и на Запад решението се бара во изградбата на засолништа. На западната хемисфера, односно во САД се водат жестоки дебати и препирања во Конгресот за тоа, на кој начин и како да се заштити населението во евентуална нуклеарна војна.

За изградба на засолништа изработени се повеќе програми за заштита на цивилното население од радиоактивните врнежи во целата земја, некои од плановите се проценети на над 25 милијарди долари, но бараните средства не се обезбедени.

Во периодот на шеесеттите години, Кенеди цивилната одбрана ја опишува како „полиса за осигурување на американскиот народ“, односно како што самиот вели: „Тоа е осигурување кое, да се надеваме, никогаш нема да биде потребно, но осигурување, за кое никогаш не би можеле себеси да си простиме во случај на криза ако се одрекнеме од него“.

Во тој период залагањата за изградба на засолништа за обичното население наидуваат на голем број пречки и проблеми, главно од финансиска природа, и главно завршуваат со зборови. Но од друга страна, за членовите на Владата и политичките функционери скриено од народот се градат подземни нуклеарни засолништа.



Во текот на пеесеттите години за да се остварат плановите на Владата на федерално ниво, кои ретко се разгледувале, владините планери го проектираат објектот „Планина Weather“ (Mount Weather) како објект за цивилна заштита на извршниот дел на федералната влада. Таа градба, во суштина, е издлабена планина недалеку од Вашингтон, чија локација е откриена во 1974 година, кога во неа удрил патнички авион.

Кога е завршена изградбата, по зборовите на оние кои порано биле надзорен персонал во Планината Weather, засолништето повеќе личело на некој град отколку на привремен објект. Планината Weather била опремена со такви погодности, какви што се приватни апартмани, улици и тротоари, кафетерии и болници, систем за пречистување на водата, електрична централа и деловни згради. Засолништето вклучувало и мало езеро, кое се снабдувало со вода од подземни извори. Имало дури и сопствен транспортен систем - мали електрични автомобили кои се движеле на батерии и имале редовни линии по целиот град.

Во вакви и слични објекти требало да се засолнат функционерите на федерално ниво, а постоеле и посебни планови за заштита на судиите на Врховниот суд и конгресните водачи, како и функционери на локално ниво.

На ваков начин се обезбедуваат високите функционери во случај на нуклеарна војна, а како се обезбедени обичните граѓани на САД?

За утеха, за обичните граѓани денес е обезбедена „соодветна“ заштита, но, на какво ниво?

*Игор Ѓорески*

*Циклус: „Велики празници“*



*Христово влегување во Ерусалим - Манастир Голема Лавра - Соборна Црква, Света Гора*

# ХРИСТОВО ВЛЕГУВАЊЕ ВО ЕРУСАЛИМ

Овој тип на композиција на мајсторот Теофан Ватас му овозможи на оваа цврсто збиена сцена да ѝ даде голема монументалност, со употреба на тешки облици, на пластично обликуваните тела и лица, со појако индивидуализираните црти. Мајсторот потекнува од Крит. Композицијата ја изработил на дрво со темпера, на димензии 64x46 см. Се наоѓа во манастирот Велика Лавра - Соборна црква, Света Гора.

*“Слепи и сакати одеа по Него, толку близу што можеа да Го допрат, додека најпосле, не влезе во храмот и таму не ги исцели“.*

Пред да замине во Ерусалим, Исус повика двајца од апостолите и им кажа да побрзаат до наредното село, каде ќе пронајдат една бела магарица, сè уште не јавана, која ќе ја доведат кај него. Ако некој од селаните се обиде да ги запре, да кажат дека таа му е потребна на Господ. Тоа беше едно од исполнувањата на старото пророштво. Апостолите се вратија, а со себе го носеа животното, држејќи го за поведилото. Потоа тргнаа Исус и дванаесетте апостоли кон ерусалим.

Кога пристигнаа, жителите на градот почнаа да ја фрлаат својата облека на патот, под нозете на белата магарица, Ја постилаа облеката, а Исус јаваше преку неа. Наоколу децата кинеа маслинови гранчиња. Свечената поворка почна да се искачува кон градот, изграден од долги и кривулести ѕидини, направени од темножолти камења. Исус го продолжи патот низ градската порта, каде од тесните улици се слеа народ и се измеша со поклониците кои пристигнуваа и го придружуваа. Слепи и сакати одеа по него, толку близу што го допираа, додека најпосле не стаса до дворците на храмот и таму во сенките на олтарот не ги исцели.

На композицијата е прикажано Христовото влегување во Ерусалим. Жителите го чекаа оној, за кого се вели дека е Месија, а тој доаѓа на бела магарица, во придружба на апостолите. Пределот е карпест, има само едно маслиново дрво. Пред Христос се насликани деца, кои или мавтаат со маслинови гранчиња или фрлаат облека под магарицата. Сето тоа се случува во недела - ден за одмор.

*Љубица Сиљановска*

*Циклус: „Велики празници“*



*Воскресение Лазарово - Музеј Беники, Атина*

# ВОСКРЕСЕНИЕ ЛАЗАРОВО

На композицијата „Воскресе-ние Лазарово“ пејзажот е претставен со извесни драматични одлики како накрсно поставени и налегнати остри стени, што е доказ за ослонување на традицијата. Драматичниот тон е претставен со контраст меѓу исправените фигури на Христос и Лазар свртени еден кон друг, двете фигури - сестрите на Лазар - смерно наведнати и човекот кој го држи каменот-поклопец од гробот.

Потекнува од Критската школа, од средината на XIV век. Техниката на изработка е темпера на дрво, со димензии 37x25,5 см. Се наоѓа во музејот Бенаки, Атина.

*„-Лазаре, излези надвор!“*
*„А тој, кој беше мртов, се исправи без некој да му помогне“*

Мртвиот Лазар беше сместен во гробница ископана под еден рид. До неа се стигаше по скали. Пред нејзиниот влез беше поставен голем камен. Кога Исус дојде до гробницата, заповеда да го кренат каменот од влезот. Чувствувајќи дека прават луда работа, луѓето го послушаа и го тргнаа големито камен. Ова беше четврти ден откако е умрен Лазар. Исус го извика Лазар да излезе надвор, а тој кој беше мртов, се исправи без некој да му помогне, со свои сопствени движења иако неговото тело беше завиткано во завои. Исус им рече да го одвиткаат и да го остават да оди.

На композицијата е насликан патот за Ерусалим, на кој истрчуваат двете сестри Лазарови, Марта и Марија, и го известуваат Исус дека Лазар е мртов. Жителите на градот се сведоци на Христовото чудо - воскреснување на Лазар. На композицијата тие се излезени на ѕидините од градот. Апостолите се позади Исус, Лазар е претставен исправено, завиткан во бело платно. Марта и Марија се пред Христовите нозе, кои ги целиваат во став на проскинеза. Претставени се деца кои го одмотуваат завојот од телото на Лазар.

Лазар е првиот кој воскреснал во Витанија, Ерусалим.

*Љубица Сиљановска*

# Жената и филозофијата

Во самиот почеток филозофијата била некој вид машка забрана. Во тој период жените немале влијание во интелектуалниот и јавниот живот.Жените бавно и долго се пробивале до општествените институции во кои нивната интелектуална способност би дошла до прав израз.

Во стара Атина како една патријархална земја, жените биле во куќата заедно со робовите и се грижеле за домашните работи, додека мажите се занимавале со трговија, а и истовремено со политика. Во тоа време жената била естетски објект отколку интелектуален субјект. Била голема новост кога почнале да одат во антички театар. И покрај тоа што во грчката митологија жените се рамноправни со мажите и имало доста влијателни божици (како што биле Геа и Деметра) и покрај местото на Олимп, не им било обезбедено место во јавниот живот.

Покасно во Рим жените можеле индиректно да учествуваат во општествениот живот по пат на разни дворски собири, но меѓу филозофите уште ги нема.

Со христијанството доаѓа една нова духовност. Жената донесува нова продуховена субјективност. Така постанале моќните кралици и царици, меѓутоа сите тие моќни крунисани женски глави покажувале слабост спрема филозофијата а покрај себе имале лордови-чувари било како љубовници или помеѓу нив имало силна интелектуална врска.

Посебен став спрема жената имал Аристотел, бил голем кавалер. Тој оставил тестамент на својата жена после неговата смрт да се омажи секако доколку најде достоен на него. Секако имало и од оние кои верувале во силата на женскиот интелект. Еден од нив е Томас Мор



кој повеќе внимание посветил на школувањето на своите ќерки отколку на синот, бидејќи ја открил нивната голема надареност. Тие во XVI век биле можеби најобразовани личности, бидејќи татко им во сè ги подучил. Со восхит кон жената и нејзиното мислење се однесувал Еразмо Ротердамски.

Но има и такви кои за жената мислеле шовинистички и сè најлошо. Таков бил Шопенхауер. Тој бил многу љубоморен и во една прилика одбегнал да се сретне во Венеција со Бајрон затоа што неговата жена сакала да го запознае овој поет, бидејќи ѝ бил романтичарски идол.

Волтеровиот случај, пак бил доста интересен. Иако бил многу грд сепак бил крал на духовитоста. Тој бил интелектуален татко. Го направил и првиот пансион на Женевското езеро наменет за образување на девојки. Тоа било првото филозофско женско училиште. Тоа било и еден вид интелектуална мода и на жените им било многу интересно да ја покажат својата духовна убавина.

Постоеле и доста жени кои играле важна уулога во односите меѓу филозофијата а биле и причина за филозофските несогласувања. Две сестри биле мажени за браќата Шлегел, германски филозофи од XIX век. Едната потоа била мажена за Шелинг. Тој и Хегел биле пријатели уште како студенти. Шелинг уште на 19 години бил уредник на филозофско списание, а на дваесет и некоја шеф на филозофската катедра во Јена. Хегел бил учител во Швајцарија и макотрпно се пробивал. Кога Шелинг го повикал во Јена, дошло до романтична врска меѓу Шелинговата жена и Хегел. Шелинг тоа никогаш не му го простил така да тоа се претворило во една филозофска војна сè до Хегеловата смрт.

Имало и филозофи кои се плашеле од жените. Еден од нив е Емануел Кант, кој два до три пати имал намера да се ожени но постојано наведувал причини „за“ и „против“. И никогаш не се оженил. Слично е и со Лајбниц и други, кои го поминале животот без голема љубов.

Во XX век имало неколку извонредни женски умови. Како на пример Хана Арент, борец против тоталитаризмот и фашизмот, голем социјален филозоф пример за многумина.

Во современата филозофија е дадена можност на жената за вклучување не само во филозофијата туку и во уметноста. Разорен е традиционалниот канон на машка доминација во филозофијата. Доказ за тоа е големиот број студентки на Филозофскиот факултет отколку студенти. Тоа е еден охрабрувачки факт за вклучување на жената во сите области на животот.

*Лидија Тасева*

# КУЛТУРАТА И МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

За да се живее и работи во одреден колектив, помала или поголема општествена или социјална група и средина, потребно е да се воспитува и оспособува личноста на човекот од првите денови од неговиот развиток.

Училишните колективи се место каде што треба да се развиваат меѓучовечките односи, најпрво меѓу наставниците зошто е потребно кај нив да постојат доследни односи на соработка, работна атмосфера, другарство, пријателство, меѓусебна помош, поттикнување.

Едно од местата кое обезбедува големи можности да се развиваат меѓучовечките односи меѓу учениците е училиштето, а тие се манифестираат преку наставата, слободните активности, детските организации, т.е. преку целокупната активност на наставниците и учениците во училиштето, а се изразува преку заедништво, хуманост, другарство и односите меѓу половите.

Постојните училишта не ги обезбедуваат стандардите и нормативите на образованието, тие отстапуваат од духот на времето, кои се препуштени сами на себеси, посебно во реализацијата и конкретизацијата на воспитно-образовната, советодавната и инструктивната работа.

Самиот развиток на општествените односи, осовременувањето на образованието и воспитанието, следењето на иноваторните промени, поразно дејствуваат врз разновидните форми на примитивниот, малограѓански и бирократски менталитет во училиштата во целост. Таквите остатоци од мнатото негативно влијаат, го нарушуваат човечкото достоинство, слободата на личноста, а со тоа негативно се одразуваат врз меѓучовечките односи во средината. Наместо зближување, се доаѓа до дистанцирање, се исклучува човековата топлина, а хуманоста се заменува со арогантност. Ваквите односи ја де-





градираат личноста на човекот, таа се затвара во себе, се намалува човековата способност, работниот елан, личноста не е способна да ги остварува воспитно-образовните цели во училиштето, да ги негува односите на хуманизација.

Културата на меѓучовечките односи е една од најважните задачи на сите општествени субјекти кои се задолжени да ја изградуваат, збогатуваат личноста со човечки вредности.

Степан Тоновиќ вели дека „културата на меѓучовечките односи претставува мерка за ослободување на човекот и мерка за негова хуманистичка прогресивност, зашто човекот е послободен, колку повеќе доминира над другите".

Сите процеси на работа меѓусебно се респектираат или негираат, меѓусебно се помагаат или еден на друг се подметнуваат, дали едните работат нормално, а другите забушаваат, дали се толерантни или наметливи, од тоа зависи и работната атмосфера во училиштето. Таа клима која ќе се воспостави на поголем дел од наставничкиот кадар ќе им претставува задоволство за самиот позив и она што го работат.

*Ленче Стоиловска*

Секогаш имај на ум дека правилното воспитание не е ниту малку проста и лесна работа; тоа е, напротив, најтешка работа што возрасните ја прифаќаат.

*Хербарт*

Државата не ја прават среќна законите, туку воспитанието. Лошо воспитаните луѓе не ги почитуваат ни најдобрите закони.

*Ликург*

Грешките во воспитанието помалку заслужуваат проштевање, отколку било кои други; тие оставаат трага на целиот понатамошен живот.

*Џон Лок*

Воспитанието е вештина на одгледување на децата и создавање на луѓе.

*Ж. Ж. Русо*

Човекот станува човек само со воспитно делување; тој е тоа што од него ќе направи воспитанието.

*Кант*

Едно знам сигурно, а тоа е: идните генерации ќе бидат она што од нив ќе направи генерацијата која сега живее.

*Леман*

Не ја воспитуваме душата, не го воспитуваме телото, туку човекот.

*Монтеские*

Децата секојдневно мораат да се движат, а најприродна форма на движење е играта.

*Коменски*

Ослободувањето од сите материјални и духовни окови е предуслов за непречен слободен развој на човековата личност.

*Енгелс)*

Ретко се кае човекот кога зборува малку, а често кога зборува премногу.

*Ла Бријер*

Емоцијата го одредува правецот на интересот, интересот го условува вниманието, вниманието - памтењето и.т.н. Но, емоцијата не смее да ги загуши останатите сфери на духовниот живот.

*Н. К. Крупскаја*

Прашањето на правилно воспитание во семејството може правилно да се реши само тогаш, кога на родителите им е јасна целта кон која треба да тежнеат во воспитанието на своите деца.

*А. С. Макаренко*

Најголемата и најдобрата награда за добро извршена работа е во тоа, што таа успешно е извршена.

*Емерсон*

Правата и должностите се браќа, заедничка мајка им е слободата. Тие се раѓаат, развиваат и умираат заедно со мајката.

*Кузен*

# ПРИМАРНА ПРЕВЕНЦИЈА НА МЕНТАЛНАТА РЕТАРДАЦИЈА (МР)

Менталната ретардација е еден од најважните социјални и медицински проблеми со кои е соочено човештвото. Со многу сериозни социјални, медицински и економски импликации што ги носи со себе, менталната ретардација претставува тежок проблем не само за семејството туку и за целокупната здравствена служба и општеството во целина. Оттука неопходен е максимален степен на разбирање и помош, кои воопшто можат да се пружат на овој несреќен дел од човечката популација.

**Менталната ретардација не е заболување**, туку само симптом на многубројни патолошки состојби и процеси. Тој симптом укажува на оштетување на функциите на нервниот систем односно на понизок степен на менталните способности. Постојат две основни причини за ментална ретардација. Прва причина е пореметено создавање на мозочното ткиво. Втора причина е повреда или деструкција на нормално развиеното мозочно ткиво. Но, треба да се истакне дека постојат многу, многу различни етиолошки фактори и синдроми кои се поврзани со менталната ретардација. Од друга страна, пак, причина која доведува до ментална ретардација кај поголем број деца останува непозната и покрај извршените темелни испитувања.



Во текот на последната деценија сè повеќе се зголемува интересот за менталната ретардација, посебно за превенцијата, за новите методи на превенција и лечење со кои се обогатува животот и се подобруваат изгледите на ретардираните деца. Денес, превентивниот метод е најплодоносен во намалувањето на менталната ретардација и тоа, почнувајќи од генетските истражувања па преку подигањето на медицинско-хигиенскиот стандард за бремената жена и новороденчето и сè до намалување на бројот на сообраќајни несреќи, може да се смета за важен степен на превенција.

Абнормалностите во развојот на мозокот можат да бидат вродени, но напредокот во генетиката можеби еден ден ќе нè оспособи за превенција на повеќе хередитарни аномалии.

Едно од најзначајните откритија, секако, е користењето на трансабдоминална амниоцинтеза со цел откривање на разни патолошки состојби во раните месеци од интраутериниот развој. Во текот на интра-




утериниот развој фетусот се наоѓа во амнионска течност која е окружена со две фетални мембрани и плацента. Се покажало со многубројни испитувања дека амнионската течност може да е пунктирана без голем ризик за мајката и детето со цел да се постави рана дијагноза за заболувањето на фетусот. Се увидело дека овој вид на дијагноза е од големо значење за родителите затоа што пружа многу прецизни информации за плодот.

*йример*: Амниоцинтезата е многу значајна при откривање на G трисомија позната под името монголоидна идиопатија (Down syndrom, Даунов синдром 47XY21 или 47XX21).

Во поглед на индикациите за амниоцинтеза бремените жени можат да се поделат во две групи. Во првата група спаѓаат жени со веќе познат ризик дека носат абнормален плод. А, во втората група спаѓаат жени со познат умерен ризик во поглед на абнормален плод.

*йример*: Жени кои веќе имаат едно заболено дете од Tay Sach-ова болест, каде ризикот за раѓање на дете со исто заболување изнесува 1:4.

*йример*: Жени со умерен ризик, кои се постари од 40 години и кај кои постои можност за раѓање дете со Даунов синдром.

Со оглед на тоа да во повеќето случаи не постојат можности за ефикасно лечење се поставува прашањето за прекинување на бременоста. Одлуката за прекинување на бременоста ја донесуваат родителите откако ќе се објасни што може да очекуваат од дете кое треба да дојде на свет.

За рано откривање на вродените метаболички пореметувања многу допринеле Guthrie тестовите. Овие тестови имаат големо значење во случајот за *фенилкешонурија* - најчестото вродено метаболичко заболување, кое со навремено и правилно лечење може да се спречи развојот на менталната ретардација.

Guthrie изработил цела низа микробиолошки тестови, со кои од една капка крв од новороденчето може да се постави ориентациона дијагноза не само за фенилкетонуријата, туку и за многу други заболувања (леуциноза, галоктосемија).

За правилна примарна превенција важен е стручниот тим кој е составен од: клиничар, генетичар, биохемичар, психолог, социјален работник и патронажна медицинска сестра.

Практичното значење на превенцијата се огледа во раната детекција на спомнатите заболувања и секако примена на одредени медикаментозни терапии, со кои во одредени случаи може да се спречи настанувањето на иреверзибилни оштетувања на централниот нервен систем.

*Елена Банова*

# ПОМНЕЊЕТО И СЛУХОТ

На оваа тема има многу да се зборува, а ние ќе дадеме само едно уводно излагање кое се надеваме дека ќе ги поттикне читателите на подлабоки размислувања.

Увото е влез за многу информации од надворешниот свет кои се трансформираат во внатрешниот свет, т.е. во мозокот на човекот, добивајќи соодветна содржина. Многу процеси кои се случуваат на патот, кој го поминуваат информациите, се сѐ уште енигма. За да има човекот корист од тие перципирани информации, тој мора да ги задржи и запомни.

Помнењето претставува депонирање на информации во мозочните клетки, така што претставите за нив подоцна може да се оживеат во сеќавањето. Трагите кои ги остава информацијата во мозочните клетки се нарекуваат енграми.

Доколку постои редукција на слухот, информации до мозокот стигнуваат преку преостанатите сетила на човекот, но квалитативно и квантитативно тие се изменети. Претставите за многу појави во природата се несоодветни и погрешни. Често децата со оштетувања на слухот имаат проблеми со помнењето, но со систематска, постапна и упорна работа сето тоа може да се надмине.

Доколку не се води сметка за што поадекватно и поцелосно перципирање на информациите од надворешниот свет, нема правилно да се депонираат и ќе постојат погрешни енграми во мозокот. При репродуцирањето на тие погрешно депонирани информации се јавуваат потешкотии во говорот, кои може да ја попречат комуникацијата со средината. Поширокета средина често може да ја отфрли личноста со такви проблеми, а пак таа да реагира со затварање во некој свој свет, свет на тишина, во кој информациите нема да делуваат стимулативно и нема да постои желба за нивно запомнување. Чувството на пријатност и непријатност има големо значење за помнењето, емоциите и мотивираноста.



Проблемите кои се јавуваат во помнењето кај лицата со оштетен слух не се од физиолошка природа (доколку нема генетско пореметување), туку од психолошка природа, поради негативните влијанија од надворешната средина.

Средината е таа која може да го „озвучи светот на тишината" и да побуди интерес и желба за помнење на корисните информации кај личноста со оштетен слух.

Претходно напоменавме дека со систематска, стручна, постапна и упорна работа може да се надминат проблемите по однос на помнењето кај лицата со оштетен слух. Прво ќе биде потребно погрешните енграми да се избришат, а на нивно место да се формираат нови, точни енграми. Тоа е тешка и сложена работа, бидејќи мозокот на човекот не е tabula rasa.

Доколку нема помнење на акустичката перцепција, нејзина ретенција и репродукција, не може да дојде до говорна продукција, иако таа е основа за говорна комуникација и социјализација.

Помнењето на информациите е битен предуслов за успешно спроведување на рехабилитационите мерки. Кортексот реагира како целина - интегрално и токму поради тоа успехот кај лицата со оштетен слух може да биде поголем доколку е помала акустичката сензорна депривација.

Корелацијата помеѓу помнењето и слухот произлегува од таму, што слушниот анализатор ја спроведува акустичката дразба до акустичкиот центар во кортексот (Wernick-ов центар за слух) и во зависност од интегритетот на рецепторот, но и од психолошката состојба на личноста (волја, желба, концентрација) таа дразба се перципира и запомнува.

Помнењето како психофизиолошки процес има многу важна улога во рехабилитацијата на лицата со оштетен слух. Нема да се задржиме поопширно на таа проблематика, бидејќи нашата цел е да побудиме интерес за проучување на овој проблем.

„Ние сме тоа што го помниме" - напишал еден голем педагог.

*Соња Андоновска*

# КОН ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ, ВНИМАТЕЛНО!

Денес, кога се зборува за она што секогаш се зборувало, кога се прави она што секогаш се правело и кога се опстојува онака како што некогаш се опстојувало, пожелно е, притоа не трудејќи се да го минимизираме научниот, техничкиот и технолошкиот развој, да го допреме и прашањето на општествените димензии на развојот.

За сфаќање на нејзината суштина потребно е да се констатираат влијанијата врз личноста на човекот, притоа акцентирајќи ја неговата морална компонента.



**Субјективен одраз на објективната стварност**

Реалноста како поим кој секогаш предизвикувал реакции кои се движеле во рамките од она што е или постои, онаа што не е - не постои без мене и ништо не постои, во секој поглед ја потиснува инфериорноста и индиферентноста како одбрамбени механизми на човекот. Со самото тоа секој има право, треба и должен е (кон своето постоење) да размислува, полемизира и критизира. Тоа подразбира активност на субјектот која е подредена на сопствената структура на личноста како „збир на квалитети“ (Саливан) и нејзина флексибилност кон одредени промени.

Во таа смисла Олпортовата определба на личноста како „динамичка организација на оние психофизички системи внатре во индивидуата кои го одредуваат нејзиното карактеристично однесување и нејзиниот карактеристичен начин на мислење“ се нагласува зголемената потреба од почитување на субјективните слики во изградбата на мозаикот на реалноста.

**Индивидуална моралност преку есенцијално делување**

Моралноста како чин на исполнување на целокупноста на човековата личност претставува динамичен спој на свесното, емотивното и волевото.

Ако под свест подразбираме способност за сфаќање на односите и врските помеѓу нештата, можност за планирање и предвидување итн., тогаш она што ќе претставува општествено развиена свест во „современи“ рамки на живеење како негување на „Libido-свеста“ на Id ниво на задоволување на мотивите. На ваков начин би се градела стратегија за постигнување на индивидуална моралност преку свесно делување врз свеста како морална компонента.

Доколку општествениот развој се разгледува преку моралните компоненти волја и емоции, од истиот агол како и свеста, тогаш ќе треба да се очекува драстичен пад на волевите сили и зголемен прег на сензибилност изразена преку чести и длабоки изливи на чувства. Индивидуалниот пристап на ниво на потенцијал и во овој случај ќе предизвика суштествен подвиг за морална возвишеност.

**Резиме**

Потребата од нивелирање на општествениот со научниот, техничкиот и технолошкиот развој пред себе си ја поставува задачата за бескомпромисно почитување на она што е во суштината на човекот и неопходноста од задоволување на неговите потреби на нивото кое З. Фројд го нарекува Id.

Успешноста за постигнување на ваквиот развој, пред сè, лежи во единствениот пристап кон свеста, волјата и чувствата, како чин на моралното исполнување на современиот човек.

*Деан Илиев*

# БОГ Е ГОЛЕМ




Во човековата историја на верувањето отсекогаш пос-тоеле разлики. Основната дистинкција е компарација со објаснувањето на филозофијата од страна на дијалектичарите т.е. „поврзување и досегање на свеста" - prise de conscience. Во сораз-мислие со историјата на правото како историја на правните институции истата не е нормативна, но анализа на реални односи кон друштвото ги признало за норми. Самото двојство на гледишта со распадот на Римската империја наметнува потреба од диференцијација на религиска свест и причинителска детерминанта од политичка природа.

Средновековието е спектар за ширење на „туѓи интереси" и повлекување остра граница меѓу потискуваната христијанска религија и латино-германското свештенство. „Кога зборуваме за јазиците ја градиме Божјата црква". Базата на христијанството во средниот век е политичката инволвираност на државни ставови и интереси како опредметување на мисионерската дејност. Големината на економијата е во перспективните теории, кои Русо ги разглобува и анализира во „Расправа за нееднаквоста", која е всушност, критичка разработка на децентрализацијата, создадена поради алиенација економска, иритирана од Homo oeconomicus.

Негативната политичка слобода во средниот век е манифестација на развиена магиска верба, уништени религиозни принципи и осакатени деструктивни умови. Гледано низ призмата на компарацијата, Русо бара експликација во „благородниот дивјак" и неговите основни корени и елементарни однесувања. Со појавата на современите движења, јавноста се бранува од концепцијата за црквата како институција.

Верувањето и толкувањето е релативна комуникација со примарна цел - избегнување на религиозно-црковните аномалии, јавноста и нејзините претставници го избраа психолошко-прагматичкиот пристап како вовед во една стара нова детерминација.

Скинер: „Човековиот организам е "црна кутија", со inputs и outputs кој не е прифатен од околината поради склоноста кон интроспекција". Значи, излез и влез на сопствени информации и дезинформации, т.е. сознајно изобличување на појави и профили.

Најкомпетентните татковци на новите „религии" си поставија свои начела засновани врз базичен атеизам и своја неодредена фикција. Зошто тогаш, политички „изманипулираните" Кирил и Методиј се труделе да оставaт христијански белег на ова сурово тло? Во минатото



анимистот Тејлор зборува за „дивјак-филозоф“, чиј метод на расудување е преку сон, болест, смрт... или во друга димензија преку системот на идеологија по класа, Маркс и Диркем колективната претстава ја ставаат во основа на социогенезата.

Додека денес, секој втор исфрустриран со мобилен телефон и конто во Женева купува проповедувачки мисии како лажно задоволување на сопствената филозофија. А оваа почва, гладна за „знаење“ го голта секој атеистички патрон, пардон, неговото „учење“. Порака до ортодоксните христијани се развлекува во животното одлучување и црпење духовна енергија од делото на браќата севоздржани и чесни мажи. Средина адаптибилна, модерна, преполна религиозно-неедуцирани медиокритети. Истите поради сугестија „нов стил“... членуваат во друштва и секти кои нималку не се блиски на нашиот христијански дух. Свесни за негативниот духовен трансфер и тие осветените не се трудат да се измени „демократскиот“ тек на настаните кои се конгломерат на мешање култури и индивидуални планови за контрола на Homo consumis-от.

Невообичаено и безобразно страшно. Кој влијае тогаш, индивидуалните мисли на единката да бидат извор на колективната претстава за реалност? Поединецот сепак е дело на (не)совесна социјализација. Кант во интроспекцијата бара негатива на несообразна слика. Исклучок е комплексот на субмедиокритети кој е јасно изразен кај Кант.

А истите тие, денешни субмедиокритети (делови на внатрешната слика на Кант) го осознаа својот конкретен интерес во настрани друштва, осудени на морална деструкција. Гледана оваа состојба од аспект на психичките потреби и побуди на еден Homo sapiens, како однесување само-то за себеси не е релевантен фактор во modus vivendi, а сепак, сите нè погодува.

Америте од својата фиктивна колонијална традиција создадоа светска филозофија, ние со судни маки го чуваме (се обидуваме) Божјиот дар, верата наша православн а и вербата наша кон Бога.

Некои кажуваат молитви, други пишуваат новели, трети убиваат, сите се смртни и верници. Сепак, духовната средина и волја налагаат културна наобразба и потреба од издиференцирани ставови различни во суштина, а слични во своето битие. Сите сме сведоци на иронија богохулна, без револт и бунтување сонуваме во нашата ретроградна амнезија. Бродоломници на еден духовен пат, непречистени го бараме филтерот без бомба, филтерот без кој следува психичка катаклизма.

*Гоце Марков - Елиот*



## СТУДЕНТСКА

Сакам да исчезнам
но никако не успевам.
Се обидувам, ги склопувам очите
но тие повторно се отклопуваат.
Колку сум беспомошна?
Колку ли јад во мене се насобрал.
Мојот пулс
е орбитата по која се движам
а таа се врти пребргу.
Го изгубив ритамот на животот.
Го изгубив и него - животот.
Изнемоштена како стогодишник
чекорам по пат на кој крајот му е долг.
Сфатив.
Животот е ѕвезда
која свети кога има моќ.
Одеднаш паѓа
и станува прашинка во универзумот.
Сме постоеле ли некогаш?

*Билјана Анакиева*

## НА МОЈОТ ГРАД - ВИНИЦА

Ги скопувам очите
и те гледам повторно тебе:
И засекогаш само тебе.
Таму во далечината
каде ѕвездите разговараат со ридиштата.
Да, таму си ти.
Да, тоа си ти.
Ми недостига секоја твоја улица,
Секое твое сокаче.
Овде се гушам зашто воздухот не е мој.
Ова што го живеам не е животот мој.
Сакам да те прегрнам и да ти кажам
- Крај тебе сакам да згаснам јас.

*Билјана Анакиева*




БИФЕ
РЕСТОРАНТ

ЛОЦИРАНО ВО
ФИЛОЗОФСКИОТ
ФАКУЛТЕТ

ПРИЈАТНО КАТЧЕ ЗА ОДМОР
НА СТУДЕНТИТЕ

## ЗА ИСПРАВНОСТА

Згрчен и оклештен седам јас
зад мене слушам неутешливи зборови
ти неодговорен, неагилен измамник си
да знаеш така.

Би се прашал со друг јас
може да си исправен
одговор постои
но тој ќе е без интерес.

Секогаш ќе ме стега синџирот
на исправниот збор
ако тој синџир е железен
не ќе може со стегање
да направи од мене исправен.

Во рацете држам синџир од злато
никој не мора да врзам
сјајот негов ги врзува сите
не, со свивање на алките негови.

Неисправните се цврсти
исправните сјајни
земи синџир златен
и одврзи ги врзаните.

*Роберт Петревски*

## ЗА СРЕЌАТА

Некој некому должи
несреќен е
тој должи
среќниот чека.

Јас видов повеќе
еден на една
ѝ обети дека
целиот свет ќе ѝ го подари.

Долгот е едноставен
има што должат
и такви кои сакаат
да им го вратат долгот.

Оној што нема надеж
мисли дека
никогаш нема
да се оддолжи.

Тие, должниците
не се среќни
но надежни се
оти мислат да вратат.

- Враќај ако можеш
- земај ако е твое
- давај ако сакаш
- сакај, среќен си.

*Роберт Петревски*

СТУДЕНТСКО РАДИО
88,4 MHz
FM STEREO





# МАКЕДОНСКИ ЗБОРОВИ ЗА МАКЕДОНСКИ СВЕТЦИ



Во издание на издавачката куќа „Култура“ од Скопје од печат излезе книгата на специјалистот за стари ракописи д-р Михајло Георгиевски „Македонски светци“. Ова е прва книга печатена на македонски јазик во која јасно се кажува дека мачениците-светци се од Македонија и дека припаѓаат на населението кое живее на споменатата територија - на македонскиот народ. „Во текот на вековите на македонската земја се родиле, живееле и чуда Божји правеле неколку видни светци кои оставија силен белег на своето време и со своите светителски достоинства зрачат сè до денешен ден“.

Во книгата, авторот македонските светци ги поделил на четири групи. Во првата група светители-просветители ги вбројува светите браќа св. Кирил и св. Методиј кои на народот му ја дале писменоста на свој мајчин јазик и ширум му ги отворија вратите во светската култура и цивилизација, истовремено ширејќи ја христијанската вера меѓу народот непокорен. Нивната дејност ја продолжиле нивните ученици св. Климент и св. Наум, кои авторот ги сместил во истата група со нивните учители.

Втората група пустиножители ја сочинуваат тројца македонски светци: св. Јоаким Осоговски, св. Гаврил Лесновски и св. Прохор Пчински, кои преку аскетскиот осаменички монашки живот му слугувале на спасителот на човечкиот род Исус Христос.

Третата група, борци против еретизмот и заслужни за други дејности ја сочинувале св. Иларион Мегленски, големиот противник на еретизмот и заштитник на христијанската вера во македонската област Меглен во XII век и св. Јован Кукузел, кој преку црковното пеење го штител и ширел христијанството.

Во четвртата и последна група Михајло Георгиевски ги вбројува личностите на св. Нектариј Битолски, св. Ѓорѓи Кратовски, св. Злата Мегленска и св. Спасо Радовишки, чии што житија зборуваат за животот, страдањата и мачењата од страна на „неверниците“ со цел да ја заштитат својата христијанска душа го дале својот живот.

Покрај животниот пат на македонските светци, авторот ни дава еден поопширен преглед на дела кои содржат неизбришливи редови за животните страдања на споменатите личности. Михајло Георгиевски не го заборавил и интересот на поголем број читатели, каде можат да се најдат и видат култовите на овие личности изразени преку уметничката вредност на сликарството, ги евидентирал сите нему познати места во кои се наоѓаат зографски ликови на споменатите светци.

Да не заборавиме да кажеме дека книгата „Македонските светци“ е исполнета со илустрации во боја, на кои се претставени ликовите на обработуваните личности со што ова дело добива поголема вредност.

Треба да очекуваме дека книгата „Македонските светци“ ќе наиде на негативен прием кај соседните земји кои секогаш и во секое време се спремни да присвојуваат сенешто што би претставувала убава можност за нивна сопствена гордост.

Но на крајот ќе завршиме со зборовите на авторот Михајло Гепргиевски: „Светците се гордост и достоинство на сите народи. Со македонските светци се гордееме ние Македонците. Тие се наш образ и достоинство“.

*Љупка Василовска*

# КАКО ДО МЕСТО ВО СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ?

Еден од најголемите проблеми со кои се засегнати студентите кои доаѓаат од внатрешноста на земјата, секако, е проблемот со сместување во Скопје. За оние со помали материјални можности најповолна варијанта е сместување во еден од студентските домови, кои поради ниските цени се многу конкурентни.

За жал, капацитетот на Студентскиот центар ни оддалеку не ги задоволува потребите за сместување на сите заинтересирани студенти. Во такви околности, уште од самиот почеток се знае дека голем број потенцијални кандидати за сместување во студентските домови ќе останат несместени. Овој факт ја прави трката за место во студентските домови уште пожестока. Затоа се актуализира прашањето: Кој одлучува за сместување на студентите и врз основа на кои критериуми?

Распределбата на местата во студентските домови ја врши Комисијата за сместување составена од студенти делегирани од ССУКМ и претставник на Студентскиот центар. Рангирањето на студентите се изведува врз основа на успехот во судиите и материјалната состојба. Покрај овие критериуми предвидени со правилникот за сместување, од пресудно значење беа и големиот број фалсификати на документите како и други неправилности, присутни и во претходните години. Благодарение на нив, многу квалитетни студенти останаа несместени. На оние кои останаа несместени единствена алтернатива им остана да купат место по мошне високи цени или, пак, да бираат стан.

На овој или оној начин, студентите се сместија и започна новата учебна година. Останува надежта дека за идната година многу работи ќе се изменат и сместувањето ќе претставува помал проблем во студентскиот живот?!

*Г. М.*



# РИМ - ВЕЧНИОТ ГРАД

Во централниот дел на Апенинскиот полуостров, во покраината Лацио се наоѓа Рим - град кој ја носи титулата „центар на светот“, потоа „Вечниот град“, како што многумина го нарекуваат. Дваесет и шест векови непрекинатата историја, уметноста, културата и традицијата го конструирале наследството на Рим од светски вредности, наследство на Западниот свет. Според легендата, градот го основал Ромул на 21 април 753 година п.н.е., на Капитол - еден од седумте ридови кои Римјаните ги изградиле за да го заштитат градот од нападот на Галите во 387 година п.н.е. Во чест на основањето на градот на ридот Капитол или плоштадот Капидољо, како што се нарекува, била изградена статуата на волчицата со Ромул и Рем. Позади статуата се наоѓа римскиот Форум кој во дамнешни времиња бил центар на сите јавни случувања, каде што се собирал народот и сенаторите, се бирале судиите и се одвивале големи религиозни церемонии. Плоштадот Кампидољо (Капитол) го дизајнирал Микеланџело во XVI век. Една од највоочливите фигури на Микеланџеловиот елегантен дизајн на плоштадот е декоративниот примерок на калдрмисани камења.



Во средината на плоштадот величествено се издигнува прекрасната бела статуа на императорот Марко Аурелиј. Во импресивната позадина на плоштадот се наоѓа палатата Сенаторио, од десната страна се наоѓа палатата Конзерватори, а од левата палатата Нуово. Овие палати биле дизајнирани од Микеланџело, а изградени од Џакомо дела Порта и Џироламо Раиналди меѓу 1582 и 1605 година.

Напуштајќи го плоштадот Кампидољо (Капитол) и строгиот центар на Рим, свртени со грбот кон широката улица Виа дел Корсо погледот ни застанува на најубавиот плоштад во Рим - плоштадот Венеција. Како еден вид средновековен бел замок, во десниот дел на плоштадот се издигнува палатата Венеција, градена од кардиналот Пјетро Барбо меѓу 1455 и 1464 година и претставува прв споменик на римската ренесансна архитектура. На левата страна од плоштадот Венеција се наоѓа Венецијанскиот осигурителен завод, граден по нацртот на Манасеј во 1911 година, а во средината е доминантниот колосален споменик посветен на првиот италијански крал Виторио Емануеле II. Нацртот за спомеником подигнат во чест на прославувањето на 50-годишнината од обединувањето на Италија, го направил Џузепе Сакони, а изградбата траела од 1885 до 1911 година. Изграден од италијански мрамор и некои други видови камен, спомеником е висок 70 метри. На левата страна од спомеником се наоѓа фонтаната која го претставува Јадранското море, а од десна страна фонтаната која го претставува Тиренското море. Над спомеником на Виторио Емануеле II се наоѓа гробот на непознатиот војник кој во I Светска војна загинал за независноста и слободата на татковината. Од секоја страна на



гробот гори вечен оган, а два војника непрекинато стражарат. Секој државник кој службено ја посетува италијанската влада, доаѓа на плоштадот да положи венец на гробот.

На левата страна на плоштадот Венеција одејќи по широката улица Фори Империјали, после 850 метри се стигнува до Колосеумот. Тој бил започнат од Октавијан во 72 година п.н.е. на брегот на едно мало езеро, а за јавноста го отворил неговиот син Титус во 80 година п.н.е. Колосеумот е најголемиот и најграндиозниот споменик на Стариот Рим. Има елипсовиден облик и димензии 188 со 156 метри. Неговата ширина изнесува 527 метри, а висината 57 метри. Конструкцијата траела повеќе од 10 годинй, а научниците сметаат декатаа била изведена од архитектот Рабирус. Во внатрешноста на Колосеумот можеле да се сместат 80.000 гледачи, кои седеле според социјалната класа. Највисокиот спрат (слој) бил за високите класи и за царот кој имал своја посебна ложа, средниот спрат (слој) бил за граѓаните односно за луѓето од средната класа, а најниският спрат (слој) бил за масите. Долу под арената имало подземни соби, складишта и соблекувални. Опремата и машинеријата се наоѓале во посебни простории, каде животните биле заклучувани пред претставите. Главните спектакли биле гладијаторските борби и борбите меѓу животни, но се одржувале и атлетски натпревари, лажни битки со бродови и др. Што се однесува до надворешноста на Колосеумот, првите три слоја биле составени од 80 сводови поделени во столбови, при што првиот спрат (слој) бил во дорски стил, вториот во јонски, а третиот во коринтски стил. Четвртиот спрат (слој) бил исполнет со пиластерски ленти оставајќи ги правоаголните прозорци отворени. Дупките за прозорците биле видливи сводови заради тоа што Колосеумот бил користен како каменолом во средниот век. Секој свод од земјениот под немал влез. Римските броеви сè уште се видливи на сводовите. Од 80 сводови четири биле главни и резервирани за судот, високо рангираните службеници и управници како и за почесните гости. Со цел да ги заштитат гледачите од сонце и дожд Колосеумот бил покриен со платно „велариум“ од лен и свила.

Римското изобилие на безбројни уметнички, архитектонски и религиозни обележја се соединува на Шпанскиот плоштад кој се карактеризира со Шпанските скали декорирани со шаренилото од цвеќиња кои во лето се патека врз која дефилира цела Европа, т.е. се одржуваат големи модни ревии. Од Шпанскиот плоштад се навлегува во пространата



улица Виа Кондоти, која заедно со улицата Виа Фатина е традиционално место за прошетка и разгледување на елегантните бутици.

Изобилството на вода во Вечниот град уште од античкото време дозволило изградба на раскошни фонтани кои се константа на градот присутна насекаде. Но, најславна е Фонтана ди Треви. Во 19 век п.н.е. Агрипа направил 20 км долг канал, потоа Никола V го поправил доводот, а Албертиј ја изработил завршната школка во 1453 година п.н.е. Фонтаната ја обновил Урбан VIII и на крајот Николо Салви ја изработил фонтаната во денешниот облик, остварувајќи го неговото ремек-дело во 1732 до 1751 година п.н.е. Фонтаната била потполно завршена во 1762 година п.н.е. Таа претставува прекрасна складност на архитектура и пластичност со природни елементи - камен и вода. Во фасадата бил вграден Триумфален лак. Од централниот лак излегува статуа на Океанот со кочија од школки кои ги влечат два коња. Низ фонтаната дневно протекуваат 80.000 м$^3$ вода. Обичај е секој посетител на Рим да фрли три парички во фонтаната со десната рака преку левото рамо. Првата е за посетителот повторно да дојде во Рим, втората е за вечна љубов, а третата паричка за нов почеток.

Не треба да се заборави дека Рим е центар на христијанството и светата Апостолска столица. Благодарение на папството градот доживеал преродба за време на Ренесансата. Одејќи по улицата Виа дел Консилационе се открива уште една величественост на Рим - плоштадот Свети Петар со истоимената базилика во која во недела може да присуствувате на миса на папата. До базиликата се наоѓа огромниот комплекс на Ватикански музеи исполнети со ремек-делата на Микеланџело, Рафаел, Браманте и други. Во внатрешноста на Ватикан - најмалата држава со површина од 0,44 км$^2$ и население од 3000 жители се наоѓа големо непроценливо културно богатско кое е сместено во Сикстинската капела, а претопено во збор во колекцијата книги сместени во 13-те соби на Рафаел.

Сепак, наспроти можната носталгија кон минатото, Рим постојано има животен шарм, токму поради неповторливата смеса на минатото и сегашноста, на светото и световното. Овој град беше издигнат во слава на моќта. Од сиот тој театар од камен и мермер останале само сцената и превезот на сонииштата, секогаш подготвен повторно да се подигне.

*Ренаша Пейељуговска*

# Поморската несрека без „Титаник"

Пред 85 години во Атлантскиот океан потонал еден од најголемите и најубави патнички бродови што во тој момент пловеле по бескрајните водени широчини. На своето прво патување бродот „Титаник" ќе налета на огромна санта мраз и по неполни три часа, бродот за кој се мислело дека не може да потоне ќе биде проголтан од големиот океан.

Бродот „Титаник" бил изграден на 31 мај 1911 година во бродоградилиштето во Белфаст со огромни димензии (L=269 m, B=29,2 m H=19,5 m), со тежина повеќе од 46.000 т, со радиостаница „Маркони" 5KW, со брзина од 22 јазли, двослојно дно и со 16 водонепропусни прегради (до 4 уништени прегради бродот можел да плови без никакви проблеми) и многу други значајни карактеристики. Сето ова било смислено во главата на конструкторот.

Сопственикот White Star Line од британската компанија Oceanic Steam Navigation Company за овој луксузен брод кој личел на раскошен десетокатен хотел со римски купатила, ресторани, гимнастички сали и друго, платил за тоа време огромни пари - 7,5 милиони американски долари.

Трагичниот брод патувањето го започнал од англиското пристаниште Саутемптон на 10 април 1912 година, со цел да префрли во Америка (Њујорк) 1455 патника - иселеници, од кои 30-тина биле од балканските простори. При патувањето бродот пловел северно од пропишаните координати. За отстапување бил радио-телеграфски известен од германскиот моторен брод „Америка" и грчкиот брод „Атина" кои истовремено го известиле дека голем број санти мраз ќе му го пресечат патот. Отстапувањето од координатите било направено со цел да се постигне рекорд при преминувањето на ова големо поморско растојание (Саутемптон - Њујорк). Тоа била причината за пред јавноста, додека вистинската ја знаеле само сопственикот на бродот Џон Морган и капетанот Едвард Смит, а тоа е бродот да се уништи со цел да се добијат огромни финансиски средства од осигурителните компании кои претходно не можеле да ги добијат.

Во близината на Grand Bank јужно од Newfoundland (41°46'N, 50°14'W) на 14 април 1912 година во 23 часот и 40 минути се судрил со голема санта мраз која од десната страна на бродот направила отвор во должина од 90 метри и од 16 водонепропусни прегради биле оштетени 5, поради што бродот почнал да тоне. Посматрачот во „кошот" Фредерик Флит го забележал леденикот на 150 метри далечина, која била кратка за да се презеде било каква акција, односно да се избегне катастрофалниот судар. Првите радио-телеграфски сигнали за опасност биле испратени во 00 часот и 15 минути (15 април), 35 минути по ударот. Капе-



тан Смит и радиотелеграфистот Џон Филипс првин ги испратиле сигналот CDQ (Come quick danger - дојдете брзо, опасност) и штотуку воведениот SOS (Save our souls - спасете ги нашите души). Првите радиосигнали за опасност ги примил бродот „Carpathia" на компанијата Cunard Line CDQ во 00 часот и 25 минути и SOS во 00 часот и 45 минути. Веднаш по примањето на сигналите со максимална брзина се упатиле кон местото на несреќата, но поради големата оддалеченост од 58 наутички милји до местото на несреќата стигнале во 04 часот и 10 минути (15 април). Луѓето што се наоѓале во чамците за спасување ги примиле и во 20 часот истиот ден ги истовариле во Њујорк.

Загубата на големиот број човечки животи би се намалила доколку би постоела радио-телеграфска врска помеѓу бродот што тоне и најблискиот брод на оддалеченост од 20 наутички милји „Californian" на компанијата Leyland Line. Овој брод се наоѓал во мирување поради движењето на големото ледено поле кое се движело во правец север - југ и тука го чекал разденувањето за да продолжи со понатамошното патување. Во 23 часот го забележале бродот на Морган и претпоставувале дека се работи за брод во слична состојба, не надевајќи се дека се работи за патничкиот брод „Титаник" кој би требало да плови појужно од правецот по кој се движел. Во 23 часот и 30 минути се обиделе да стапат во радио-телеграфска врска, но врските со „Титаник" биле зафатени со радиопораки од приватен карактер. Командата на Калифорниан за несреќата дознала во 05 часот и 15 минути (15 април) и веднаш се упатила кон местото на несреќата каде бродот „Carpathia" ги спасил преживеаните од несреќата.

За 2 часа и 40 минути (160 минути) по несреќата патничкиот брод потонал со себе понесувајќи 1657 човечки животи (966 патници и



691 член на екипажот) од вкупно 2380 (1455 патника и 925 членови на екипажот) кои во тој момент се наоѓале на бродот.

Оваа голема поморска несреќа е забележана во историјата како најголема која и до ден денес побудува голем интерес кон неа. Американските научници Робин Гардинер и Дан Ван Ват за време на долгото истражување дошле до заклучок дека не се работи за бродот „Титаник" туку за неговиот помлад брат „Олимпик" изграден на 20 октомври 1910 година.

Бродовите „Титаник" и „Олимпик" на сопственикот Џон Морган по својот надворешен изглед воопшто не се разликувале. Поради малерозноста на постариот „Олимпик": неколку денови по првата пловидба налетал на еден влекач, четири месеци потоа се судрил со англискиот воен брод „Хоуки", а потоа налетал на голем глечер и претрпел големи оштетувања. Со тешки напори бил одвлечкан во бродоградилиштето и бил подложен на реновирање за кое многу се намалило Моргановото ќесе. Не успевајќи да добијат обештетување од осигурителните компании Џон Морган смислил подмолна игра за која не ги жалел ни големите човечки животи. Така, наместо „Титаник" од Саутемптон на 10 април 1912 година испловило несреќното Морганово првороденче - „Олимпик". На капетан Смит му било наредено бродот да не го враќа назад, попатно требало да предизвика голема хаварија на бродот со што би се уништило огромното поморско чудовиште. Сепак, Морган не дозволил бродот да биде исполнет до последно место, го намалил бројот на патниците.

Пловењето северно од зацртаните поморски координати, испраќањето на првите сигнали за опасност 35 минути по несреќата, злоупотребувањето на радио-телеграфот за разговори во приватни цели, намалениот број на патници ја потврдуваат констатацијата дека се работи за однапред смислено уништување на бродот. Ова го надополнува и неприсуството на бродот на сопственикот Морган. Додека „Титаник" односно „Олимпик" се наоѓал на пат без враќање, тој со својата нова љубовница се сончал и капел на Азурниот брег.

По уништувањето на бродот Морган се впуштил во еден долг судски процес од кој излегол како победник. Неговата компанија добила баснословна сума на пари за потонатиот брод. По големата катастрофа уште цели 15 години (до 1927 година) убавиот морски гигант „Титаник" пловел по водите на Атлантикот, со тоа задоволувајќи ги страстите на Морган.

Иако се работи за друг брод, а не за „Титаник", сепак се работи за поморска катастрофа од големи размери со 1657 човечки животи.

Потонатиот брод лежи на длабочина од околу 4000 метри. И покрај многубројните обиди да се изнесат неговите делови, до ден денес се наоѓа во водите на Океанот.

*Коце Стојменов*

# Внимавајте, да не се изгорите!



Во жешката фаза на вљубеност, со нашите реакции можеме да го постигнеме спротивното од тоа што го сакаме. Еве како да ја надминете критичната ситуација.

Лебдееме на розови облаци и сигурни сме: тој или никој друг? Немаме ништо против еуфоричните чувства. Кој на почетокот оди на сè или ништо и ги составува плановите за далечната иднина често му се случува она спротивното - врската се распаѓа. А со силната желба да нешто спасиме, обично навлегуваме во наметнатата улога која воопшто не ни прилега. Опасноста да останеме сами е голема. Не вреди на партнерот да му поставуваме услови кои што тој не може да ги исполни (или не сака). Како да ги надминеме критичните состојби:

- Посетувајте ги пријателите кои што добиле бебе во семејството. Главната тема е, секако, штотуку роденото дете. Со сјај во очите го прекинувате него и сите други: *Тебе те замислувам како татко на моето дете.* Не залажувајте се! Прво, проценете како тој воопшто реагира на децата.

- Забавите, средбите со пријателите идеална се можност, да ги запознаеме со новиот партнер. Меѓусебната припадност не треба да се покажува со „залепување“ за него. Тоа може да му пречи, па лесно ќе можете да го загубите.

*- Каде беше ноќеска? Ти ѕвонев веќе илјада пати!* Тоа се доволни индикации да се посомневате во него, но не смеете непрестано да го контролирате. Задржете ја барем малку самопочитта.

- Вашиот сакан ве викнал во ресторан. Го гледате длабоко во очи, но неговиот поглед е свртен кон згодна плава девојка. Реакцијата е типична. *Што гледаш на неа?* Кој на ситните работи реагира љубоморно, внесува во врската непотребна напнатост.

- Никогаш не прашувајте: *Какви ти се шансите да напредуваш во работата?* Бидете воздржани кога зборувате за своите очекувања во однос на неговата кариера. Тој не смее да стекне чувство дека е под притисок.

*- Доживеав многу разочарувања.* Никогаш не зборувајте за своите лоши искуства од минатите врски или пак за негативните страни на вашиот партнер.

- Ако ве повика пријател и посака да се најдете и малку да позборувате, вие на телефон велите: *Не знам, зависи дали ќе излегуваме денес.* На зборот *ние* - заборавете. Зборувајте за себе и за своите планови. Така ќе му покажете дека ја почитувате и својата и неговата самостојност.

*Катерина Миниќ*



# Љубовта бара труд!

За љубовта да се одржи потребна е нежност и многу внимание. Но, исто така е потребно да поминувате многу време заедно, да бидете отворени, интимни и љубезни. За да потрае, љубовта бара урамнотежен однос 50-50. Љубовта никако не толерира занемарување.

Понежниот пол во поголем број случаи доста се големодушни кон машкиот пол и во состојба се да толерираат многу грозни работи молчејќи. Но, затоа еден детал може многу да им значи, било да ги направи среќни или да им се излие преполнетата чаша. Очекувањата во љубовта не се исти - некои од љубовта бараат многу, а некои (воглавно машкиот пол) немаат големи очекувања.

На пример, тој заминал на пат недела дена. Ви кажал дека ќе ви телефонира. Не ви се јавил. Ви се јавува после два дена откако се вратил од пат. „Извини, јас...“ го почнува својот монолог. Во вас во тој момент нешто се откинува, вашата љубов се изгасила. Да ве сакал, тој ќе ви се јавел без оглед на било каква препрека. Тоа е љубов. Му велите дека не сакате повеќе никогаш да го видите. Не сте се сложиле во поглед на љубовта, како и некои други.

Мислам дека секоја особа од понежниот пол може да биде (и да остане) заљубена, а да не ја загуби својата личност, својата слобода, доколку успее да го задржи својот круг на автономна, успешна, креативна и задоволна особа. За да успеете во тоа, мора да ги знаете своите позиции и своите желби.

Понежниот пол мора да се запраша каде оди и дали во тоа ги охрабрува својот партнер. Морате да бидете свесни како партнерот ви помага во исполнување на вашите



соништа, надежи... Морате да се самоанализирате зашто врската функционира или не. Постојано морате да работите на јакнење на слабостите од двете страни, на стекнување на јачината.

Морате да бидете верни во својата љубов, мора да ви биде важно љубовта да се одржи. Треба многу да разговарате со партнерот, да правите заеднички планови, да ги одредите приоритетите, да охрабрувате и да се поддржувате еден со друг во добри и лоши времиња. Морате да имате своја цел, своја визија: нешто кон што ќе бидете насочени. Треба да имате секогаш на ум дека двајцата сте посебни и дека сте имале среќа што сте се сретнале.

Треба да велите „те сакам“ што почесто. Бидете вклучени во сè, сллушајте, прегрнете го секогаш кога сте му потребни. Треба да бидете уверени дека сте единствени и дека вашата љубов ќе трае вечно.

Бидете до партнерот, сакајте го - но притоа имајте простор и за себе, за сопствените цели, амбиции, соништа. Во вашите соништа и надежи тој треба да биде до вас. Така „јас“ се претвара во „ние“, но и едното го прави можното. Тој е ваша сигурна база. Вие сте негова. Само тогаш вашите соништа можат да се исполнат.

Љубовта значи дека ви е потребно да се грижите. Љубовта значи дека две особи работат на иста задача.

*Светлана Аранѓеловиќ*

# *Разговори за модата*
# СЛИКИТЕ НА ЕСЕНТА И ЗИМАТА

Модата за есен и зима 97/98 е софистицирана, понекогаш необична, дури нападна и често во контрастни комбинации во материјалот. Сè уште е под влијание на модата од шеесеттите и седумдесеттите години. Сепак, типичните бои, дезени и кроеви од тој период се модернизираат и комбинираат со контрастни елементи. Се издвојуваат четири основни стила: градски, кој го карактеризираат меки ткаенини, удобност и класични детали; луксузен, кој подразбира гламур и заводливост, посебно за драматичен и дури морбиден вечерен изглед; природен, во чисти комбинации на цврсти материјали како за униформи со чипка, плиш и свила; и на крај, кристален, или најнов техностил со јаки бои, кристални црни





тонови и авангардни детали. Очигледен е луксузот и елеганцијата. Освен свилата и плишот, тоа се постигнува со змиска кожа, крзно, кашмир, перја, злато, каменчиња, везови... Фантазијата на креаторите скита меѓу црвената, пред сè, потоа белата, кафената, сивата и, се разбира, црната за секоја прилика и секој дел од денот.

По мислењето на многу креатори, крајно време е да престанеме да се задоволуваме со најнужното и повторно да уживаме во облекување без ограничување впуштајќи се во смели комбинации и користејќи блескава бижутерија и шалови од ноеви перја. Треба повторно да се открива луксузот, на пример, во тренерки од црн свилен плиш обрабен со кристалчиња.

Судејќи по ревиите одржани во Милано, пораките би биле - не ја сокривајте својата сексуалност и храбро, со многу фантазија, спојувајте што сакате, при тоа не обрнувајќи внимание на правилата на облекување. Затоа има многу потполно различни модели за оваа сезона. Можеле да се видат жени облечени во црни машки капути и чевли со високи потпетици, обожавателки на спортска гардероба или диви на лажно сиромаштво во везени здолништа и тесни џемперчиња... Сепак, има и правила. Асиметријата е задолжителна, црвено, црно, долги мантили и капути со стотина копчиња, здолништа и долги и кратки, уште повеќе панталони, јакни во стил на кимона, инспирација од Ориентот... Што се однесува до обувките, се знае: се враќаат високите потпетици и силно зашилените врвови.

**Облечена за успех**

Најновата колекција есен-зима 97/98 на модната куќа Passage наречена „Облечена за успех“, изра-



ботена е од микродна ткаенина која е моментално хит во светот и во технолошка и во комерцијална смисла (одличен квалитет, пријатна за носење, не се гужва, лесно се одржува...).

Моделите се наменети на вработените жени, без оглед на годините и стасот, и можат меѓусебно да се комбинираат заблагодарувајќи на внимателниот избор на бои во палетата од десет модерни тонови. Колекцијата ја сочинуваат четири модели здолништа, три модели панталони, два модела кошули, туники, јакни, блејзери, како и свечени кошули и чипки од црна и бела боја, а се продаваат по многу пристапни цени.

**Во пастелни тонови**

Сивата и беж бојата во комбинација со нежни пастелни тонови, најчесто плава и бојата накајсија, ќе бидат актуелни и оваа есен. Комплетите со здолниште или панталони имаат дискретни детали - копчиња, појаси, накит и облека во тон, додека кроевите ја следат линијата на телото.

**Класична елеганција**

Ригите и твидот, неутралните црна, бела и сива боја, како и класичните едноставни кроеви не излегуваат од мода. И оваа сезона тие се најзгодна облека за елегантната вработена жена, а воедно се практични бидејќи можат меѓусебно да се комбинираат.

**Моден хит - гламурозни детали**

Тежнеењето за луксуз и елеганција евидентно е и оваа сезона: од материјали кои се или само изгледаат многу скапо, преку форми до нај-



ситни детали. Злато, каменчиња, везови, перја... сево ова повторно се најде на облеката, но и на малите женствени торбички и обувка, која по правило, има високи потпетици и зашилени врвови.

**Моден стил - шик патики**

Скоро и да не ги чувствувате на нозете - толку се лесни. И она што воопшто не е занемарливо - цените се главно пристапни. Патиките се обувки за секоја сезона. Во зависност од тоа, дали се од платно, кожа или велур кожа, можат да се носат во сите годишни времиња. Иако порано се говореше дека не се здрави, денес нивното производство во соработка



со стручњаците ортопеди е доведено до совршенство. Овојпат не зборуваме за медицинската, туку за естетската страна на овие обувки. А токму таа, оваа сезона го доживеа својот врв. Ова се модели што најмногу ги носат младите ширум светот. Марките се „Ванс“, „Рибок“, „Најк“, „Еспрпросторит“, „Адидас“, „Супрега“, „Конверс“, „Фила“... Многу од нив можат да се најдат во нашите продавници.

*Гордана Атанасова*



*Предлог книга за читање:*

# „ЗА ЉУБОВТА“

*од Анри Бејл-Стендал*

**Збор-два за писателот**

Анри Бејл - Стендал (1783-1842), француски писател од XIX век, стекнал богато животно искуство како офицер, дипломат и писател. Го привлекува музиката и сликарството. Иако живеел во времето на романтизмот, Стендал се смета за творец на реалистичниот и психолошкиот роман. Напишал „Критични студии за уметноста“, „Животот на Хајдн“, „Историја на сликарството во Италија, Рим, Неапол и Фиренца“. Најпознати дела му се романите: „Црвено и црно“, „Парискиот картузијански манастир“, „Лисјен Левен“, „Животот на Анри Брилар“, „За љубовта“ и други.

„За љубовта“ Стендал секогаш го сметал за свое главно дело. Сè до смртта, тој го дотерувал со посебна љубов.

Умира на 23 март 1842 година. „За љубовта“ е веројатно последното што го напишал.

**Извадоци од книгата „За љубовта“**

„За љубовта“ е повеќе од роман: тоа се кулисите на еден роман, каде што го наоѓаме сето она, што во романот исчезнува. Зад неговите превези се забележува неговиот вистински лик. Тоа е книга во која Стендал се открива и наедно се скрива најгрижливо.

Во „За љубовта“ дава психолошка анализа на страста и на нејзиниот развој поврзан со идеолошка метода, но која е лична на Стандал, негова инвенција, каде што ги изложил своите најоригинални



идеи во објективна форма навидум, а всушност длабоко интимна.

„За љубовта“ е научна студија, или поточно:

1. Идеолошки есеј

2. Опис на раѓањето на љубовта

3. Интимен дневник

Сево ова ни овозможува да навлеземе постепено во најскриениот дел на Стендаловата душа.

***

* За љубовта

Постојат четири различни видови љубов:

1. Љубов - страст

2. Љубов - вкус

3. Физичка љубов

4. Љубов од суета

* За раѓањето на љубовта

Еве што се случува во душата:

1. Одушевување

2. Човекот си вели: „Какво уживање е да бакнеш и да те бакнат“

3. Надеж

4. Љубовта е родена

5. Започнува првата кристализација

6. Се раѓа сомнението

7. Втора кристализација

Љубовникот талка без престан меѓу овие три мисли:

1. Таа ги има сите совршенства

2. Таа ме љуби

3. Како од неа да го добие најголемиот можен доказ за љубовта?

Љубовта е како треска, таа се раѓа и згаснува без желба да има најмало учество во тоа.

Љубовта е за сите возрасти.

* За надежта

Доволна е најмала надеж да предизвика раѓање на љубовта.

Потоа, по два или три дена, надежта може да ја снема, љубовта сепак постои.

Таа може да престане порано без да ја убие љубовта.

* За разликите во раѓањето на љубовта кај двата пола

* Убавината ѝ отстапува место на љубовта

* За првата средба

* За занесеноста

* За громовите од ведро небо

* За срамот

* За погледите

* За женската гордост

* За храброста на жените

* За интимноста

* За довербата

* За љубомората

* За љубовта - карање

* Лек против љубовта

*Елена Банова*

# ОД СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ



Традиционално секоја година во почетокот на месец ноември Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет организира турнири во повеќе спортски дисциплини.

Овие претстојни турнири се поткрепени и со една многу значајна прослава. Се работи за еден мал јубилеј и тоа излегување на 10-от број на нашето списание "Внатрешен патник".

Пред неколку дена беше завршено пријавувањето на екипите-учесници на овој турнир. Заинтересираноста беше голема, се пријавија екипи од 5-6 институти. Во тек е вршењето ждреб кој со кого би настапувал.

Од целокупното одигрување и околу резултатите - во наредниот број ќе имаме поопширен прилог.



Вреди да се напомни и тоа дека одигрувањето на овој турнир ќе послужи и во селектирање на екипа од Филозофскиот факултет која ќе нè претставува на турнирот што го организира Земјоделскиот факултет, по повод 50 години од неговото постоење.

На овој турнир своето учество го имаат најавено уште десетина факултети. Паралелно со фудбалскиот турнир Сојузот на студентите организира и шаховски турнир. Пријавите со учесниците се доставени до студентската организацијатака што во најскоро време ќе претстои извлекување и одигрување на партиите и од овој турнир, најдобро пласираните



тројца шахисти во поединечна конкуренција ќе го претставуваат нашиот факултет на еден претстоен турнир што ќе се одигра со претставници од повеќе факултети.

За најдобро пласираните на фудбалскиот и шаховскиот турнир Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет ќе обезбеди пристојни награди.

Не останува ништо друго туку да им посакаме многу среќа на учесниците на овие турнири.

*Сојуз на студенти на Филозофскиот факултет*

# УМЕЕТЕ ЛИ ДА ПАТУВАТЕ ВО АВТОМОБИЛ?



Независно дали возите или не, понекогаш се случува да бидете едноставно патник во автомобил. Во таков случај има две варијанти: Можете да бидете за возачот пријатен сопатник или да го натерате да жали што ве зел. Возачот е оној кој ги диктира правилата на патувањето: дали во автомобилот ќе се разговара, ќе се пее или ќе се молчи, дали ќе се отвара прозорецот, ќе се пуши, ќе се јаде итн. Во која категорија патници спаѓате, ќе разберете од овој тест.

**1. Пред да тргнете, сте се скарале со возачот. Како се однесувате за време на патувањето?**

а) Повеќе нема да мислам за поводот за карањето. Ќе го решиме проблемот откако ќе стигнеме ....... 2

б) Ќе се обидам расправијата со него да ја завршам уште пред патувањето ....... 1

в) Во време на патувањето располагаме со доволно врее за караници ....... 0

**2. Патувате долго, без да запирате...**

а) Предлагате да запрете на соодветно место ....... 2

б) Настојувате возачот да запре веднаш ....... 1

в) Исчекувате шоферот сам да предложи да запрете ....... 0

**3. Доаѓа до мешаница на патот. Како ќе реагирате?**

а) Никако, треба да се почека ....... 1

б) Изнервирани, ќе се испокарате со возачот ....... 0

в) Ќе го вклучите радиото за да ги слушате вестите за состојбата на патиштата ....... 2

**4. До најблискиот град остануваат неколку километри кога автомобилот почнува да откажува.**

а) Спокојни сте, возачот сепак нешто ќе направи ....... 0

б) Го заклучувате автомобилот и двајцата со возачот заминувате во најблиското населено место за да побарате помош ....... 2

в) Се договарате со возачот што ќе направите ....... 1

**5. Возачот е нервозен затоа што треба да патува побавно отколку што претпоставувал.**

а) Го фалите дека и покрај отежнатото движење прави што може ....... 2

б) Прави одвреме навреме да си избори предност ....... 0

в) Не зборувате ништо, тоа си е работа на возачот ....... 1

**6. Патувате низ предел кој е непознат за вас и за возачот:**

а) Имате карти и се ориентирате по нив ....... 1





б) Сте ја проучиле аршрутата пред да тргнете ........ 2

в) Кога е потребно прашувате за патот ........ 0

**7. Во време на патувањето шоферот огладнува**

а) Предвидливо сте подготвиле сендвичи и му нудите ........ 0

б) Го барате најблиското место за паркирање каде што може да се јаде ........ 2

в) Го советувате да се ориентира кон некој ресторан ........ 1

**8. Во време на патувањето му зборувате на возачот**

а) за нешта кои ве измачуваат и сакате да ги споделите со некого ........ 0

б) за што ли не, едноставно за да не молчите ........ 1

в) само ако и тој посака ........ 2

**9. Возачот, според вас, претекнувал доста ризично.**

а) Дури откако ќе запрете, ќе му кажете дека не чини да биде толку агресивен ........ 1

б) Веднаш ќе го прекорите ........ 0

в) Тој самиот знае каде може и каде не може да претекнува ........ 2

**10. Сакате да преспиете во туѓ град:**

а) Му оставате на шоферот да одбере хотел ........ 0

б) Наоѓате соодветен хотел за да му заштедите грижи ........ 2

в) Заедно барате хотел за двајцата ........ 1

**ОДГОВОРИ:**

**Од 0 до 5 поени:**

Имате неверојатна интуиција да го правите токму она што пречи на возењето. Никој возач не би ве зел со себеси доброволно, а ако мора некаде да ве вози, ќе стиска заби за да не избувне. Најдобар совет: седнете одзади, гледајте низ прозорецот и молчете. Доколку патувањето ви дозволува, читајте книга. Пред идното патување направете го уште еднаш овој тест и обратете внимание на кој одговор имате најмногу поени за да го корегирате своето однесување.

**Од 6 до 11 поени:**

Возачот што треба да ве вози не добил ништо особено. Речиси сè оставате на него како воопшто да ве нема во автомобилот. Иако тој вози, сепак патувате двајцата. Покажувајте повеќе разбирање, тој треба да излегува на крај со многу нешта.

**Од 12 до 16 поени:**

Вие сте добар сопатник кој знае со што може да му биде од корист на возачот за да не се грижи самиот за сè. Секој возач би ве зел со себеси со задоволство.

**Од 17 до 20 поени:**

Вие сте идеален сопатник. Не патувате со возачот туку со него сте екипаж, во кој секој има определена задача и совесно ја извршува. Патувањето за двајцата е заедничко уживање, при кое стресот е сосема елиминиран.

# АФОРИЗМИ

***

*Гладниот за вистина ги храни останатите.*

***

*За да те гризне некој доволно е да има јазик.*

***

*Нема никогаш да паднеш ако се држиш за средината.*

***

*Секоја зора не носи и ново утре.*

***

*За да се одржиш на површината потребен е поволен ветер.*

***

*Оној со лесен ум и помалку ќе тежи.*

***

*И на кривините мора да возиш право.*

***

*Не пали го светлото зошто ќе видиш темница.*

***

*Сонот е потребен и на оние кои цел живот спијат и за оние кои цел живот сонуваат.*

***

*На гнили штици газат само лесните.*

***

*Ако застанеме на нозе има шанса да проодиме.*

***

*Раката пишува она што главата ќе ѝ каже.*

# ТИ СИ МОЈОТ БРОЈ!

Дали сте сигурни дека вашиот избор е оној вистинскиот?

Проверете ја својата животна одлука со помош на нумеролошкото согласување на паровите со оглед на датумот на раѓање!

Соберете ги броевите на датумот на раѓање (денот, месецот и годината) сè додека не добиете само еден број, односно бројот на Судбината. На пример, родени сте 7.5.1978 година, значи:

7+5+1+9+7+8=37=3+7=10=1+0=1.

Ти си единица. Партнерот ви е роден на 12.2.1975 година:

1+2+2+1+9+7+5=27=2+7=9.

Спореди како се согласуваат единица и деветка.

**1+1**

Оваа комбинација е динамичен пар. Заедно сте доста силни, сигурни и спремни на секаков ризик. Но обрнете внимание на агресивноста на бројот 1. Сакате ли подобро да се разбирате, сочувајте ја толерантноста.

**1+2**

Совршена врска, како во љубовта, така и во пријателството. Двојката среќно ги исполнува сите иницијативи на единицата, бидејќи знае како да соработува. На бројот еден ќе му дозволи да ги диктира правилата на играта.

**1+3**

Взаемна привлечност. Единицата е занесена од брилијантните идеи на тројката, која се воодушевува на одлучноста на единицата. Заедно се во состојба да имаат весела и ведна врска, но би требало да научат како да ја контролираат импулсивноста на единицата и несериозноста на тројката.

**1+4**

Овој пар би можел да функционира доколку единицата се обиде да ја има толерантноста со четворката која доста е бавна во донесувањето на одлуките, но е сигурна во достигнувањето на плановите. Овој пар заблагодарувајќи ѝ се на четворката, ќе дојде во допир со имот на недвижности, но ќе помогне големата енергија на единицата.



**1+5**

Овој пар е љуботел на патувања - единицата сака да открива нови места и нови искуства, а петката да запознава нови луѓе. Но проблемот е во тоа, што единицата сака да доминира, додека петката едноставно не поднесува никаков облик на присилување.

**1+6**

Особата што го има бројот шест сака уметност и сè што е убаво, а единицата е голем „иницијатор“ кој на шестката ќе знае да ѝ подари сè што ѝ треба. Но единицата доста тешко ја контролира својата импулсивност, а со неа би можела да ја загрози врската.

**1+7**

Рационалноста на седмицата доста тешко ќе функционира со импулсивноста и постојаната активност на единицата. Седмицата е насочена кон длабоки духовни сфери, додека единицата е материјалиста и тежнее кон откривање на ново. Ако сакаат да останат заедно, единицата би требало да го контролира својот нападен темперамент, додека седмицата би требало да се обиде да преземе повеќе иницијатива во практичните прашања.

**1+8**

Ова би можело да биде активен пар, ако постои взаемно почитување на интересите. На тој начин ќе можат да изградат вистинско финансиско царство. Иницијативноста на единицата добро се согласува со работните способности на осмицата.

**1+9**

Среќна и конструктивна комбинација. Сензибилноста и алтруизмот на деветката, споени со презем-

ливоста и одлучноста на единицата, го прават совршен овој пар. Тоа не значи дека ќе нем,аат несогласувања. Но, заблагодарувајќи ѝ на пожртвуваноста и мудроста на деветката, овој пар ќе ги пребороди сите препреки.

**2+2**

Добра комбинација. Двајцата знаат како да соработуваат во чувствителен и фамилијарен живот, но би требало да обрнат повеќе внимание на взаемно разбирање и почитување. Доколку ги избегнат несогласувањата, би можеле да имаат хармоничен и траен брак.

**2+3**

Толерантната двојка ќе мора да направи селекција на бројните друштвени активности на тројката. Тројката, заблагодарувајќи ѝ на својата мечта, непрестано ќе создава нови состојби, избегнувајќи ја на тој начин монотонијата.

**2+4**

Убава хармонија, во која четворката која е симбол на постојаноста и конкретноста, ќе ѝ дава сигурност на двојката, создавајќи темели за трајна врска. Двојката пак, заблагодарувајќи ѝ на својата елоквентност, ќе знае да ја увери четворката во вредноста на својата љубов.

**2+5**

Овој пар е тежок, но не е невозможен. Петката е доста екстравертна и поради тоа, доста привлечна. Двојакат за да ги задоволи барањата на петката, би требало да преземе иницијатива и тоа во првата можност.

**2+6**

Добро разбирање и согласување во фамилијарниот живот ќе биде можно доколку шестката не ја загрози природната потреба за хармонија на двојката. Факт е дека на шестката не ѝ одговара ни редот, ни хармонијата. Двојката би требало добро да ги искористи своите адути: тактот и привлечноста.

**2+7**

Доколку духовниот живот им е посилната страна, ова би можело да биде хармонична врска. Во секој случај, доста важно е взаемното почитување. Периодичното повлекување во осаменост на седмицата и е од животен интерс, а двојката би можела тоа погрешно да го сфати. Седмицата би требало да биде поуверлива во обидот да ги објасни причините на таквото објаснување.

**2+8**

Оваа комбинација би можела да биде извонредна доколку осмицата не ѝ го наметнува на двојката својот ритам. Осмицата ќе се погрижи за економската сигурност на фамилијата, и ако успеат да пронајдат рамнотежа би можеле да изградат стабилен однос.

**2+9**

Овој пар може совршено да функционира доколку двојката би знаела да ја цени вредноста и алтруизмот на деветката. Во тој случај деветката ќе направи сè што е во нејзина моќ за заедничко добро. Деветката и двојката најдобро ќе се чувствуваат заедно ако ја следат заедничката цел.

**3+3**

Се јавува љубов на прв поглед. Веднаш може да падне одлука да живеат заедно. Проблемите ќе настанат кога ќе разберат дека никако не им успева да воспостават фамилијарна рамнотежа, а причината е во импулсивноста на тројката.

**3+4**

Оваа комбинација тешко може да се одржи. Успехот е возможен само доклку четворката добие можност за одлучување во склад со својата екстравертна визија за животот и доколку тројката ќе знае да ги послуша нејзините совети.

**3+5**

Доста хармонична врска. На првата средба се чувствуваат како да се познаваат со години. Повеќе енергичен и креативен, овој пар на најдобар начин ја соединува импулсивноста и енергијата.

**3+6**

Двајцата сакаат убави работи и сакаат да се дружат, а кога се тажни, еден на друг си даваат морална поддршка. Недолго после првата средба може да планираат брак. Заедно се срекни и добри резултати постигнуваат и на работно поле.

**3+7**

Кога виталноста на тројката не би била во спортивност со интроспекцијата на седмицата, тоа би била добра врска. Но, ако тројката има поверение во седмицата сè би можело да функционира. Тројката во моменти на повлекување на седмицата во осаменост би можела да склопи нови пријателства.

**3+8**

Оваа комбинација е во состојба да постигне успех на секое поле. Ако имаат исти животни идеали, сексипилноста на осмицата и оптимизмот на тројката ќе постигнат највисок степен на взаемна привлечност. Во домот осмицата нема да ги ограничува иницијативите на тројката.

**3+9**

Заедницата на двата идеалиста, прилично е опасна бидејќи би можело да дојде до тешки грешки во процена на материјалната страна на животот. Иако помеѓу овие два броја постои многу разбирање, проблемите би можеле да излезат од најобични работи.

**4+4**

Ова е срекна комбинација на две особи кои знаат да ја ценат материјалната страна на животот и во неа заедно ќе уживаат. Поради тоа најважен предуслов за оваа врска е економската сигурност. Единствена опасност може да биде губиток на чувството за останатите работи од заедничкиот живот.

**4+5**

Добрата страна на оваа врска е заправо во различните гледишта на светот. Активноста на петката создава бројни можности за контакти и

пријателства, додека четворката ја дава својата постојаност и практичност, која ја зацврстува врската. Доколку дојде до несогласувања, петката ќе биде таа која ќе ги смирува разбрануваните води.

4+6

Меѓу овој пар има повеќе рамнотежа. Сакаат работа, забава и имаат добар вкус, па затоа лесно ќе изградат хармоничен однос што сите ќе го ценат. На шестката треба да ѝ се даде можност да ја покаже својата елеганција, а на четворката да даде до знаење колку е (...)

4+7

Воинственоста на седмицата и работливоста на четворката се добри темели за успешен однос, како во фамилијарниот живот, така и на работно поле. И едната и другата страна ќе имаат можност да учат од другата и со малку добра волја ќе постигнат идеална и урамнотежена врска.

4+8

За емотивните работи разговараат на практичен начин, бидејќи чувствата се поле кое ниедна страна не е волна да го открива. Меѓу четири ѕида четворката ќе се зафати со организација на фамилијарниот живот, додека осмицата ќе се зафати со финансиските работи.

5+5

Овој пар ги спојува љубовта кон патувањата и авантурите, како и нивната агилност. Тоа е врска која теоретски би можела многу долго да потрае, но не може да се исклучи дека петката (поради преголема осетливост) ќе почне да го нарушува односот.

5+6

Оваа врска е родена под среќна ѕвезда. Шестката на себе ја презема грижата околу домаќинството и топлата фамилијарна атмосфера, додека петката е во непрестано движење и во заедничкиот живот внесува промени.

5+7

Ова е доста тешка комбинација. Доколку двете страни останат при своите ставови, договорот ќе биде невозможен - петката после некое време ќе ја продолжи потрагата по нови авантури и интересни личности, а седмицата ќе се повлече во себе.

5+8

Оваа комбинација ќе успее на секое поле. Претприемливоста на осмицата ќе ја стимулира активноста на петката која повеќе ќе патува и ќе се движи, а на партнерот ќе му го препушти проценувањето на резултатите. Многу повеќе ќе се согласуваат во интимните односи, отколку во прашањата за домаќинството.

5+9

Прекрасен динамичен пар. Петката ќе одржува контакти со пријателите, но идеите и предлозите ќе ги дава деветката. Заедничкиот развој и напредок ќе им овозможи взаемно почитување на интересите.

6+6

Посебен пар. Двајцата сакаат уметност и естетика, фамилија и конфор. На ретките ќе им успее да изградат хармонична и убава заедница. Во нивниот однос ќе биде присутен мирот и љубовта, но опасноста лежи единствено во досадата.

6+7

Два далечни и различни света. Желбата за основање фамилија и љубовта кон уметноста ја карактеризираат шестката, што тешко се спојува со рационалните интереси на седмицата, која сето тоа едноставно не може да го разбере. Во сето тоа, ќе биде потребна многу волја.

6+8

Постојат добри причини за солиден и хармоничен однос, ако двете страни ѝ се посветат на фамилијата секоја на свој начин - шестката ќе се погрижи за „надворешноста" и емоциите, а осмицата за материјалната страна на животот. Најголема радост ќе им бидат децата.

6+9

Овој однос се состои врз основа на взаемно почитување и верност, а тоа се пресудни квалитети. Комуникацијата ќе биде добра, двете страни ќе имаат можност да го запознаат животот од две наизглед различни, но во суштина многу блиски гледишта. Нивната врска ќе биде многу хармонична и полна со искуства.

7+7

И оваа врска се состои врз основа на взаемно почитување. Двете страни сакаат да го поминат времето читајќи, учејќи и размислувајќи, но би требало да внимаваат од претераното внесување во метафизиката, бидејќи би можеле да ги заборават конкретните животни проблеми.

7+8

На прв поглед е невозможен животот на спиритуалната седмица и одмицата материјалистот. Но ако почне љубовта, осмицата ќе знае да му помогне на партнерот во филозофските знаења и истражувања, поддржувајќи го и материјално. Седмицата, пак, ќе го наведе партнерот на размислување за духовното.

8+8

Двете страни треба да избегнуваат натпреварување бидејќи во спротивно би можеле да се уништат. Но, доколку на самиот почеток на дружење ги изложат своите идеи и размислувања, работата би можела да успее.

8+9

Овој пар својот однос ќе го темелат врз однапред основаната соработка. Врската ќе се развива на поле на истражувања и активности на знаење. Идеите на деветката практично ќе ги исполни осмицата.

9+9

Веројатно се работи за прстот на судбината. Двете страни ќе можат заедно да се развиваат на духовен план и тоа кон целта на пронаоѓање решенија за доброто на сите.

*Астролог*
*Светлана Аранѓеловиќ*



## СКАНДИНАВКА

1. Град во Шпанија
2. Австралиска артистка („Да се умре за...“ „Бетмен засекогаш“) (фотос)
3. Публицистот Кершовани
4. Англиски пејач, Џон
5. Држава во Азија
6. Американска џез пејачка
7. Вид тропски гуштер
8. Буква (лат.)
9. Иконописец
10. Чушка од свилена буба
11. Фудбалерот Симонсен
12. Волт - прибор за чистење
13. Заздравувачи
14. Ваљево
15. Боја за коса
16. Река во Франција
17. Норвешка круна
18. Изумрена новозеландска птица - вид украсна риба (мн.)
19. Лична заменка
20. Француски композитор, Камиј - жителка на европска земја
21. Наредба, указ
22. Ампер - интернационална манекенка
23. Коњ - административна единица
24. Село во Скопско - јапонски автомобил
25. Кислород - животно (лат.)
26. Пустина во Азија (Кина)
27. Показна заменка
28. Староегипетски бог на сонцето - езеро во САД, во државата Мисисипи
29. Пејачот Роси
30. Јод
31. Алат за кастрење
32. Носно каменче - билијардски стап
33. Град во САД
34. Сликови - радиум
35. Лична заменка
36. Старото име на Нова Гвинеја - Ангстрем
37. Дел од челната коска
38. Телефонски повик

*Автор*
*Миланчо Миленкоски*



-На моменти, миличок мислам дека сепак е подобро да пушиш и пиеш.

**Универзитет Св. Кирил и Методиј**
**Филозофски факултет - Скопје**

**Балкански центар за проучување на мирот**
**- Катедра на УНЕСКО**
распишуваат

# КОНКУРС

за запишување 40 студенти на пост-дипломски студии
**Специјалистички студии за мир и развој за учебната 1997/1998 год.**

Наставната програма на специјалистичките студии за мир и развој е направена според најновите светски искуства и ги опфаќа следните области: вовед во студии за мир; методологија на истражување на мирот и конфликтите; теории за ненасилството; трансформација на конфликтите; мировни стратегии и немилитарни аспекти на безбедноста; право да се живее во мир и уставите.

Во реализација на овие студии ќе учествуваат Меѓународната асоцијација за истражување на мирот - IPRA и поголем број на странски универзитетски и други центри за проучување на мирот. Наставата опфаќа теоретски дел и дел на практични обуки, а ќе ја изведуваат реномирани професори од земјата и странство.

Право на упис имаат дипломирани студенти од сите факултети со просечен успех над 7,50 во редовните студии.

По завршувањето на студиите, кандидатот се стекнува со научен степен ***специјалист за мир и развој.*** Во текот на втората година, овозможена е проодност на овие студии во Магистерски студии за мир и развој.

За потребите на студиите формирана е библиотеката "МИР" која располага со соодветна стручна литература од наведените области.

Конкурсот е отворен до 15 ноември 1997.

Поподробни информации околу условите за запишување можат да се добијат на Филозофскиот факултет - Балкански центар за проучување на мирот, Скопје, на тел. 116520, лок. 240.




*д-р БИЛЈАНА ВАНКОВСКА*
*д-р ЦВЕТАН ЦВЕТКОВСКИ*

## ПРАВОТО И ОДБРАНАТА
### ОСНОВИ НА ОДБРАНБЕНОТО ПРАВО

*Синтезата на сознанијата стекнати преку широко заснованите научни интереси на авторите е презентирана преку структурата и содржината на книгата, и тоа во обид да се постигнат две основни цели. Прво, трудот да претставува основен учебник за предметот Одбранбено право, кој го изучуваат студентите од Институтот за одбрана; второ, на поширока научна основа да се актуализираат и полемизираат низа значајни аспекти на остварувањето на улогата на правото во областа на одбраната.*




*проф. д-р ФЕРИД МУХИЌ*

## МАКЕДОНИЈА

*Под „Македонија“ ја разбирам онаа земја, чијашто суштина во себе го содржи постоењето, значи, земјата чијашто природа не моде да се разбере поинаку, освен како постоечка.*

*Македонија е бесконечно убава и човечна, а секое делче на нејзината убавина и човечност ја изразува наедно нејзината вечна и неисцрпна смисла.*




## ДЕФЕКТОЛОШКА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА

*Ова списание стручно и научно ќе ги иницира и презентира проблемите и третманот врзани за заштитата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот, обединувајќи ги напорите и активностите на широк круг луѓе, кои се занимаваат со нивното разрешување, вклучувајќи и наставничките кадри на Институтот за дефектологија.*




SIEMENS
NIXDORF
QUALIFIED
PARTNER

LG
GoldStar
GENERAL
DISTRIBUTER

EIN•SOF
HARDWARE / SOFTWARE / PUBLISHING
MULTIMEDIA / NETWORKING

VO EKONOMSKI FAKULTET, SKOPJE
TEL./FAX 11 11 23; 11 23 08

